**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Второто продолжение на Дванаесеттата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 10 ноември 2006 година**

Седницата се одржа во Собранинето на Република Македонија, сала 1, со почеток во 11,29 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше претседателот на Собранието господинот Љубиша Георгиевски.

**Љубиша Георгиевски:** Ги молам пратениците да си ги заземат своите места во салата.

Дами и господа пратеници, продолжуваме со работа по Дванаесеттата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците: Даут Реџепи, Мендух Тачи, Арбен Џафери, Јани Макрадули, Оливер Спасовски, Кенан Хасипи, Хади Незири, Владо Бучковски, Нeждет Мустафа, Шабан Салиу, Стојан Андов, Никола Рилковски, Радмила Шекеринска, Али Ахмети, Теута Арифи, Фазли Велиу, Ристо Пенов, Тале Герамитчиоски, Абдулади Вејсели ме известија дека се спречени да присустуваат на седницата.

Продолжуваме со општиот претрес по Предлогот за изменување и дополнување на Буџетот на Република Македонија за 2006 година.

Има збор господин Сафет Незири. Повелете.

**Сафет Незири:** Ви благодарам.

Почитувани пратеници, иако не е моја бранша, мој фах финансиите, но гледано од мој аспект околу тоа што е предвидено со ребалансот за 2006 година, до крајот на оваа година, имам мои аспекти на гледање и ако не можам да ги дефинирам како што треба, немојте да ми замерите, бидејќи не е моја бранша, како што реков претходно.

Вчера неколку дискутанти нагласија дека Парламентот може да функционира кога една соодветна Комисија за оваа проблематика, посебно Комисијата за финансирање и буџет која не одржа две седници, барам од луѓето кои се поодговорни по оваа проблематика да се реши ова прашање и да функционира оваа Комисија како што доликува, да информира на време и на начин како што е дефинирано со Деловникот и со Уставот на Република Македонија.

Читајќи го ребалансот на Буџетот предложен пред овој Парламент, се забележуваат неколку поместувања во не добра насока. Имаме раздели каде имаме финансиска интервенција, посебно на локално ниво во локалната самоуправа каде концетрацијата на населението во Република Македонија не е иста, па и финансиската распределба нормално не може да биде иста како што е предвидено со ребалансот на Буџетот за оваа година.

Според ребалансот распределбата на финансиските средства во основните училишта и средните училишта во Република Македонија не може да биде иста, бидејќи имаме училишта со 40 ученика во одделение, со број на наставници до 100, но имаме училишта, зборувам за локалната самоуправа , каде бројот на учениците е од 20 до 25 по одделение и број на наставници едвај 30. Тоа значи дека финансиската распределба или интервенцијата со ребалансот во оваа област не е професионално распределено. Расходите на едно училиште со голем број ученици и голем број наставници во споредба со други училишта каде бројот на учениците е 20 до 25 или минимум за формирање на една паралелка со 20 и 30 ученика ја нема постигнато таа пропорција. Мислам дека не е намерно направено или немам подетални информации во оваа насока.

Ист случај имаме и во областа на здравството. Ќе ви кажам конкретен случај. На пример во мојата населба Ченто во Поликлиниката која е без греење што значи дека имаме состојби каде има поликлиники со централно греење, а мојата поликлиника до пред една недела немаше греење и пациентите мораше да седат во ладна просторија и добро облечени. Немаше ни минимални услови за да работат лекарите и да ги опслужуваат пациентите.

Неколку пратеници го нагласија тоа, а тоа е купување на мебел, возила кои, по нмене, не се толку потребни, наместо таа инекција во вид на средства од 11 милиони евра , ако не грешам, се поделени во оваа област за мебел, возила и опрема.

Со предложениот амандман од страна на Владата од неколку ресорни министерства да се повлечат 20 милиони евра за да се купи мазут и да се стави во работа ТЕЦ Неготино, но јас мислам дека не би требало така да се интервенира во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, во Министерството за образование и наука, Министерството за здравство. Од 1991 година па наваму сите влади барале да се направат реформи во оваа област и да се стимулираат овие министерства во нивното работење и на локално ниво.

Мислам дека Министерството за финансии требаше да го има во предвид при изготвување на ребалансот на Буџетот да не интервенира со својот амандман околу одземањето на овие 20.000.000 евра од неколку министерства, требало прво да ја видат енергетската позиција во Република Македонија и на време да се интервенира во оваа насока. Да им се остави простор на пратениците кои имаат над 24 амандмани за да се интервенира и да се направат измени каде требало да се направат.

Ќе дадам неколку мои забелешки или мој осврт како се направени разлики во министерствата. Некаде се стимулираат, а некаде се дестимулираат.

За Државната комисија за спречување на корупцијата се предвидени 13.223.000 денари, а

со ребалансот 11.293.000 денари. Наместо да имаме пораст на средствата, во суштина според Буџетот за 2006 година платите и придонесите кои се предвидени од 5.400.000 денари со ребалансот имаме пад на 3.400.000 денари. Овде се зборува за пад од 40%, што не е во ред за еден државен орган или институција, а во блиско минато посветивме големо значење, посебно во областа на спречување на корупцијата да реагира на време и да има свои резултати, бидејќи е голема надеж да се спречи оваа појава, би рекол канцерогена појава во нашето општество, навистина оваа Комисија или државен орган ќе настојува успешно да ги остварува своите резултати.

Во Министерството за внатрешни работи имаме пад во областа на плати и наемнини. Според Буџетот од 2006 година се предвидени 3.404.950.000, додека со ребалансот имаме 3.282.337.000 денари. Исто имаме пад во однос на плати и надоместоци.

Сигурно Министерството за финансии предвидело дека за овие два месеци нема да има поголема потреба да се стимулира пораст на плати на припадниците на Министерството за внатрешни работи.

Придонесите за социјално осигурување, според Буџетот, се предвидени 1.780.000.000 , сега со ребалансот имаме пад на 1.697.725.000 денари.

Ги видов тековните расходи, но не знам дали имаат покритие, дали има контрола на овие расходи, но имаме пораст на 100%. На пример, според Буџетот предвиден во почетокот на 2006 година предвидени се 7.600.000.000, а сега имаме пораст од 100%, со ребалансот се предвидени 14.600.000.000 денари, тековни расходи кои по мое мислење не знам како ќе се трошат и на кој начин ќе се трошат и како ќе се контролираат и од кого.

Во областа на јавното осигурување имаме пад од околу 7% предвидени со Буџетот од 5.543.861.000 денари со ребалансот имаме 5.471.920.000 значи пад од 7%. Мислам дека овде би требало да се даде поголема инфузија во оваа област конкретно во овој ресор на Министерството за внатрешни работи за Јавната безбедност, бидејќи порастот на бројот на Албанците или другите заедници во оваа институција исто така гарантирање на безбедноста, јавниот ред и мир, спречување на порастот на криминалот и убиствата во државата, сведоци сме на многу случаи кога имаме интервенции од Министерството за внатрешни работи во спречување на незаконски постапки како разни убиства и треба овој сектор да се стимулира, бидејќи животот и безбедноста на граѓаните зависи од Министерството за внатрешни работи. Во државната безбедност учеството на Албанците е симболичен во споредба со другите институции каде имаме пораст со ребалансот од 25%. Се работи за 35.200.000 предвидени со Буџетот за 2006 година, а сега со ребалансот имаме 41. 000.

Во Министерството за правда увидов нешто флагрантно и тоа купување на мебел, возила и опрема, а со Буџетот за 2006 година предвидени се 3.500.000 денари, сега имаме пораст од 500%, од 3.500.000 на 16.000.000 денари, што според мене и други експерти е во спротивност со ММФ, бидејќи парите кои се земаат од некој друг, треба да се интервенира каде ќе биде попродуктивно, а не да се купува мебел, восила и опрема, што во овој момент не е толку потребно.

Во Министерството за финансии во однос на стимулација за вработување предвидени се 330.000.000 денари, со Буџетот за 2006 година, а сега со ребалансот имаме пад од 110.000.000 значи коколу 60% пад. И овде имаме купување на мебел, возила и опрема од 140.000.000 е покачен бројот на 500.000.000 денари. Значи пораст од 400%.

Во Министерството за економија во делот каде се говори за промовирање на туризмот, овде имаме пораст, што е секако добро, беше 7.000.000 со Буџетот, а со овој ребаланс се предвидуваат 8.307.000 денари. Овде требаше да има поголем пораст, да се подигне туризмот, бидејќи туристичките работници во Република Македонија и во зимската и во летната сезона треба да има средства и Министерството за финансии навреме да интервенира во оваа област.

Во Секторот на Министерството за здравство, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерството за образование и наука ќе има поголемо стимулирање, бидејќи процентите што почнале во овие министерства треба оваа владина гарнитура да продолжи за да ги примени во пракса овие работи, бидејќи нашите потреби за Европската Унија и НАТО структурите навистина го бараат ова како во однос на подобрување на здравствената состојба, состојбата на земјоделците за стимулирање на земјоделците исто така и создавање подобри услови за нашите ученици во училиштата.

Мислам дека овој ребаланс горе долу ги исполнува критериумите за овој временски период до крајот на годината, но како ќе стартира Министерството за финансии со Буџетот за 2007 година ќе видиме во иднина, сигурно ќе ги има во предвид овие сугестии што ги кажав. Ви благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Има збор министерот за финансии, господинот Славески.

**Трајко Славески:** Благодарам претседателе,

Навистина чувствувам потреба, повеќе заради јавноста, на пратениците веројатно од една од моите вчерашни дискусии или интервенции им стана јасно, но треба уште еднаш да се повтори. Она што изгледа атрактивно да се критикува, имено ставката купување на мебел, опрема, возила и машини, некако сите се концентрираме на мебел и возила, заборавaме дека тоа се однесува и на опрема и на машини.

Ќе повторам уште еднаш за господинот Незири и за јавноста.

Зголемувањето предвидено во ребалансот на оваа ставка изнесува 467.000.000 денари од кои еден лавовски дел 360.000.000 денари се предвидени како трошоци за поврат на данок на додадена вредност за капитални проекти по основ на донации, по основ на исплата на извршни судски решенија 39.000.000 денари, остатокот е плаќање на сметки односно на фактури кои стигнале за наплата за извршени набавки во текот на годината.

Исплата за набавена посебна опрема во Министерството за одбрана од 24.000.000 денари и

Четврто, за извршени набавки во текот на годината.

Пред оваа дата за компјутерска опрема, мебел и друга канцелариска опрема за повеќе буџетски корисници во износ од 44.000.000 денари.

Господине Незири не знам од каде ви е бројката од 11.000.000 евра каде што велите за набавка на мебел и возила, тоа не е точно.

За Министерството за правда ставката се однесува повторно за извршени расходи, активности не за некој ликсуз како што кажавте, туку единствено за мало подобрување на условите кои се ужасни во затворите во Република Македонија.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам,

Реплика за Славица Грковска.

**Славица Грковска:** Благодарам претседателе,

Ме испровоцира дискусијата на министерот за финансии.

Со оглед на тоа што не коиндицира со тоа што министерот го кажал на една од комисиите, имено во Извештајот на Комисијата за труд и социјална политика, стои дека средствата наменети за купување на мебел, опрема и друго се наменети, пред се, за Министерството за информатички технологии и други нови инвестиции, согласно Законот за органите на државната управа, кој ќе биде во собраниска постапка.

Видете, ние сме во позиција кога Собранието сеуште не го изгласало тој закон, ниту пак можеме да знаеме дали тој закон некогаш ќе биде изгласан, за да можеме во ребалансот на Буџетот да прифатиме ваков изговор за зголемување на средствата за купување на мебел, опрема и друго.

Меѓутоа, сега од министерот за финансии слушаме нешто сосема друго, кога станува збор за овие средства. Јас ве прашувам, министре, кога ја кажувавте вистината, сега или на Комисијата? Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Министерот има контра реплика.

**Трајко Славески**: Благодарам.

Решението, со оглед на тоа што секогаш ја зборувам вистината, вистината ја зборував и тогаш и сега. Тука би можел да завршам, но ценејќи ве ќе продолжам. Значи, со оглед на тоа што сега слушнавте што останува или што би останало од оваа ставка за евентуално, до колку имаше време да се изгласа тој закон да се овозможи формирање на минисдтерство за информатички технологии, имаше останато сосема мал простор, подпретпоставка дека можеше да се премине на тоа за планирање за распишување на тендер за набавка на опрема која што би се реализирала со Буџетот од 2007 година. Знаете, според законските прописи, вие воопшто не можете да планирате или да распишете тендер, до колку немате барем минимална сума на средства. Тоа беше намерата и тоа беше моето објаснување, затоа што така беше псотавено прашањето, на тоа ниво на агрегираност на Комисијата за труд и социјална политика, чисто заклучок кој го цитиравте. Кога беше побарано подетално образложение на ставките, тоа беше презентирано на некои од другите комисии, не можам да се сетам на која, а овде веќе по втор пат изнесов и изложив и мислам дека ќе бидеме поштедени во интерес на времето, ова прашање да не се поставува односно да не се манипулира со јавноста, затоа што слушнавте вистина и само вистина.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Збор има господинот Мисовски. Повелете.

**Горан Мисовски:** Почитуван претседателе, министре, почитувани колеги пратеници,

Пред почетокот на моето кратко излагање во насока на поддршка на предложените измени и дополнувања на Буџетот на Република Македонија за 2006 година, сакам да изразам жалење затоа што Комисијата за финансирање и буџет како надлежна комисија која што требаше да даде свое мислење за предлог измените и дополнувањата на Буџетот на Република Македонија, не успеа да се одржи. Меѓутоа, еве, ние пратениците сме тука на оваа пленарна седница да дадеме одредени мислења и сугестии во врска со точката од дневниот ред. Имено, Буџетот на Република Македонија дефиниран како годишен план на приходи и други приливи и одобрени средства го вклучува централниот Буџет и Буџетот на фондовите.

Она што може да се заклучи од материјалот е дека определбите за дисциплиниран афискална политика, фискална одржливост на среден рок и сратешките планови на буџетските корисници за 2006 година се непроменети. Но, одредени движења кај макроекономските индикатори, како и промените во даночната политика, очигледно ја наметнаа потребата за измени и дополнувања на Буџетот на Република Македонија за 2006 година.

Треба да се прифатат аргументите на Владата или поточно, како што пишува во материјалите кои што ги добивме, поточно претпоставките дадени во Предлогот за измените и дополнувањата на Буџетот на Република Македонија за 2006 година, дека соодветни прилагодувања и корекции на приходите и расходите се должат на зголемената реализација на одделни даночни приходи, вклучување на

надоместокот за тутун, очекувана погоелма уплата на дивидендата од АД Македонски телекомуникации, подмирување на преземените обврски на дел од буџетските корисници и исплата на судските решенија, наплатата на извршени судски решенија од Буџетот на Република Македонија, зачленувањето на поголем број осигуреници во приватните пензиски фондови. За фискалната политика до крајот на 2006 година говореше минситерот околу ревидирањето на иницијалните проекции на приходите и расходите и одржувањето на ниското ниво на дефицит, како и јасно дефинирано сидро за што даваме целосна подршка. Исто така, даваме целосна пдоршка и за изменит еи дополнувањата за 2006 година на централниот буџет, каде што се предвидува зголемвуање на вкупните приходи за 5787 милиони денари во однос на приходите планирани со Буџетот за 2006 година, како и предложеното ниво на вкупни расходи поголеми за 5770 милиони денари. Вака проектираните приходи и расходи претставуваат дефицит на централниот буџет во износ од 1009 милиони денари и се задржува на нивото од 0,3% од планираниот бруто домашен производ за 2006 година. Во однос на инфлацијата и отстапувањето од проектираните 2% за осум месеци на 3,2% е во потполност со заложбите на НСДП за инфлација на годишно ниво од 4 до 5%.

Она што може да се забележи од материјалите се позначајните зголемвуања кај повеќето буџетски корисници, кај Собранието на Република Македонија, Владата и службите при Владата на Република Македонија, Министерството за внатрешни работи, Министерството за образование и наука, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерството за економија, Министерството за наука и култура, дејнсотите од културата, Министерството за транспорт и врски и некои други. Иако, со дел од средствата кои што со амандманот кој го даде Владата, се намалени, сепак може да се забележи позначително зголемвување.

Исто така, субвенциите, трансферите и социјалните бенефиции се ревидирани на повисоко ниво и бележат зголемвување, а е наведено дека се наменети за програмите за земјоделство, ветерина, заштита на растенијата. Бидејќи во текот на годината имаше значителен износ на средства за откуп на тутунут и пченицата, потоа за сервисирање на обврските за социјална заштита, покривање на транзициониот дефицит на Фонодт за пензиско и инвалидско осигурување, обезбедување на средства во рамките на оваа категорија за Македонската радио-телевизија, за што говореше и колегата Митановски, зголемоно субвенционирање на културните активности, издаваштвото, библиотекарството, филмската музичка дејнсот, културни манифестации и слично. Дополнително финансирање во образованието и тоа преку субвенционирање на ученички и студентски стандарди за исплата на стипендии за млади и талентирани студенти и ученици, како и за партиципација на ученички иступентски домови.

Категоријата за капитални расходи исто така е зголемена и се однесува на дополнително буџетирање на капиталните проекти финансирани со донации од странство и тоа за плаќање на ДДВ.

На крајот сакам да кажам едно несогласување со една сугестија која што за жал пратеникот Слободан Најдовски, не е тука, ќе се обидам да го цитирам каде што вели, оваа Влада наследува рационално и законско трошење на средствата, а со предложените измени и дополнувања на Буџетот Владата нерационално ќе ги троши средствата. Сакам да го потсетам господинот Најдовски дека еден од главните предуслови на една политика, на една Влада или една коалиција да ги изгуби изборите е токму чувството кај граѓаните, кај гласачите дека одредена Влада ги трошела средствата токму нерационално и незаконски. Толку околу чувството кај раѓаните и гласачите. Меѓутоа, во оваа држава постојат и институции кои што се одговорни да вршат токму контрола на трошењето на средствата, дали биле законски и наменски. Имавме прилика сите да го прочитаме Извештајот на Државната ревизија за 2004 година, а се надевам дека заедно со колегата Слободан Најдовски со задоволство ќе го погледаме Извештајот на државниот ревизор за 2005 година.

Почитувани колеги пратеници, пратеничката група на Нова социјал-демократска партија ќе ги подржи измените и дополнувањата на Буџетот на Република Македонија за 2006 година, затоа што Владата на Република Македонија најавува генерална политика во насока на макроекономската стабилност и контролирана инфлација, што кореспондира со новата економска политика која што ја промовираше НСДП во својата изборна програма. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Реплика има господинот Адеми Џевад, но попрво министерот се јави за збор, па после ќе биде репликата на Џевад.

Повелете господине министре.

**Трајко Славески**: Навистина му благодарам на претходниот дискутант, на господинот Мисовски за подршката и за сугестиите, но само една мала забелешка во врска со концептот на инфлација што беше спомнат во овој контекст. Повторно, повеќе заради јавноста. Имено, познато е дека во теоријата и во практиката постојат различни стојалишта во врска со стапката на инфлација, сакам накратко за почитуваните рпатеници да објаснам, а тоа беше спомнато во експозето, но еве само да го подвлечам фактот зошто во текот на оваа година таргетот за инфлацијата беше малку или малку ќе биде повисок од она што беше планирано со макроекономската политика и Буџетот за 2006 година. Имено, во економијата се разликува меѓу стапката на инфлација номинална или онаа стапка на инфлација со која што се

оперира во практиката, во јавноста и таканаречената основна стапка на инфлација. Таа основна стапка на инфлација е врзана со очекувањата, а сега ќе објаснам на што мислам. Значи, заради цените на енергијата, заради воведените давачки на тутунските производи исл., наместо околу 2%, ние ќе имаме стапка на инфлација од 3,2%. Но, целата среќа е што не чувствуваме никакви очекувања инфлаторни кои што би можеле да бидат штетни за наредната година кај македонските економски субјекти. Тоа е едно. Секоја политичка партија, дури и секој од нас може да си има свои преференции за тоа каков ќе биде односот спрема стапката на инфлација, но Владата на Република Македонија, барем според политиките кои што досега ги спроведува и она што ќе бидат планирани политики за во иднина, не прифаќа концепт на контролирана стапка на инфлација. Затоа што, строгите буџетски контроли кои што ги спроведуваме, буџетската дисциплина, монетарната политика што треба да ги реализира целите како независна институција, тука мислам на Народна банка на Република Македонија, ќе доведат до стабилен макроекономски амбиент, кој што ќе придонесе кон поволната бизнис клима која што оваа Влада сака да ја поттикнува во Република Македонија. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Реплика има Џевад Адеми. Повелете.

**Џевад Адеми:** Благодарам господине претседателе.

Ќе говорам на македонски јазик, заради едно објаснување. Моите три минути ќе ги користам не за реплика, туку за објаснување. И претходниот говорник, почитуваниот пратеник кого особено го ценам, а и вчера пратеникот Поповски изрази жалење заради наводна блокада на работата на Матичната комисија односно собраниска комисија за финансии и буџет, чиј претседател сум јас. Зборот е во тоа што последните две седници што јас ги водам, јас ги водам на албански јазик, односно се обидувам да ги водам на албански.

Пратениците членови на Комисијата од парламентарното мнозинство и двете седници ги напуштија. Сакам да изјавам дека, додека не се смени амандманот 5 на Уставот на Република Македонија односно додека не се смени членот 3 од Деловникот на Собранието на Република Македонија, јас како претседател на Комисија за финансии и буџет седниците ќе ги водам на албански јазик, затоа што тоа право ми го дозволува Уставот. Не би сакал сите ние да се впуштаме во толкувањето, не би сакал сите ние да испратиме лоша слика за нас и за Македонија. Намерата ми беше да го испочитувам Уставот, ќе го испочитувам Уставот и да ја искористиме шансата да испратиме порака дека ние во Македонија толерантна демократија, градиме почитување и на правата со закон и Устав загарантирани. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Реплика има Догани Бесим. Ова беше процедурално.

Всушност и реплика беше.

Процедурално ако сакате, но ве молам дискусијата сега да скрене кон друго, само ова, реплика, одговор, да не скрениме од ова, бидјеки не чека огромна работа со ребалансот. Процедурално имате три минути.

**Бесим Догани:** Благодарам. Нема да имам ни три минути.

Во ред е ова што господинот Џевад Адеми го изјави, ние не му го спориме тоа право нему, меѓутоа жалам што повторно пред јавноста и албанската и целата македонската јавност настојува да врши една пропаганда, еден политички маркетинг. Ние знаеме дека тие имале 4 годинис о ред кога биле на власт и имале можност да го изменат овој член врз кој се заснова изјавувањето на господинот Џевад Адеми. Тоа не го направиле, а причините ги знаат самите, во јавноста се знаат разговорите кои што се водат околу измената на Деловникот и за статусот што ќе го добие албанскиот јазик во иднина во Парламентот. Затоа, би го замолил господинот Џевад Адеми да има малку трпение и тоа што не постигнаа тие да го направат за 4 години, да ни дозволат кратко време сигурно дека ќе го оствариме тоа и ќе има право да говори на албански јазик на сите нивоа. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Збор има Весна Јанеска.

Жалам господине Адеми, не можеме да одиме вон дневниот ред. Го чувме вашето објаснување.

Добро, една минута контрареплика има господинот Џевад Адеми.

**Џевад Адеми:** Не контра претседателе, јас барам процедурално, ве молам. Ако ми дозволите, а ако не вие имате право да не ми дозволите.

**Љубиша Георгиевски:** Ве молам, уште ова процедурално нека биде и потоа да се држиме до темата, затоа што ќе скршнеме во други води. Кога ќе дојде на дневен ред, тоа ќе се дискутира.

**Џевад Адеми:** Се обидов да бидам коректен и одговорен. Ова ќе го кажам на македонски јазик за да докажам дека јазикот не ми е пречка и немам предрасуди. Што било пре 4 години и какви разговори се водат сега, апсолутно не ме интересира. Ако сакаме да испратиме порака дека ги почитуваме институциите, а Уставот е над се, мене ми е доволен амандманот 5 од Уставот и членот 3 од Деловникот на ова Собрание како било пред 4 години и што разговори се водат сега, ама апсолутно не ме интересира. Така што, добро е и за Македонија ова што го правам јас и тоа треба да се цени и да се почитува, затоа што целиот свет не гледа. Благодарма претседателе и денес повеќе нема да барам процедурално.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Повелете, госпоѓа Весна Јаневска, има збор.

**Весна Јаневска:** Благодарам претседателе,

Намалувањето на средствата во другите ресори по повод енергетската криза и поместувањето на околу милион и 200 илјади за ТЕЦ-Неготино, беа повод за да проговорам за две нешта, особено затоа што, еве, лично како пратеник сум осетлива на образованието и здравството, каде што навистина беше неопходно да се одземат некои средства и да се поместат за решавање на енергетската криза во Македонија.

Комисијата за енергетика на ВМРО-Народна партија сака да ја информира ид а ја предупреди и Владата и македонските граѓани дека она за што во континуитет веќе две години говориме, станува реалност. За што станува збор? Зборуваме дека електрична енергија на пазарот на Југоисточна Европа нема и тоа не е наш заклучок, тоа е факт и од излагањето односно од амандманот на Владата гледаме дека се предвидени милијарда и 200 милиони денари за купување на мазут за рестартирање на ТЕЦ-Неготино.

Ние сметаме дека ова е добар потег за решавање на енергетска криза и немаме ништо против него, напротив, го подржуваме, но би сакале да предупредиме дека ТЕЦ-Неготино не е ремонтиран 20 години. Дека префрлањето на милијарда и 200 илјади ќе помогне, но не гарантира дека ТЕЦ-Неготино ќе издржи до крајот на сезоната, а тоа значи месец април.

Некои стручњаци предвидуваат дека е можеби можно некаде во месец февруари ТЕЦ Неготино поради старос од 20 години без ремонт да откаже.

Во тој случај, би го замолила министерот и Владата да размислат и за жал, ќе мораат уште еднаш да интервенираат и да обезбедат околу 4-5 милиони евра за да се обезбедиме до крајот на годината, а тоа е 1 април 2007 година. Тие 4-5 милиони евра би ги потрошиле за раскривка во РЕК Битола. Се работи за 500 илјади метри кубни јаловина и да се добие дозвола за РЕК Осломеј, да може да набави еден милион тони јаглен, кој што е заостанат во самиот рудник. Ако ова не се случи, значи ако не се обезбедиме двојно со РЕК Битола и РЕК Осломеј, можно е овие милијарда и 200 кои сега ќе ги вложиме во ТЕЦ Неготино, да бидат едноставно кажано, попусто фрлени, затоа што не ќе можат да ја решат енергетската криза. Во РЕК Битола, во овој момент има резерви за 10 дена, а во РЕК Осломеј има резерви за 2-3 дена.

Ако Владата не дозволи да се направи ископ во најкраток можен рок и да се набават гумени ленти и ролни за РЕК Битола а багерот 10/70 да се поправи во Осломеј. Ако ова не се направи можно е да излезат од работа два блока. Ако се рестартира Јегуновце, ако се вклучат двете печки во Силмак, кризата во Македонија и без оглед на тоа што ние ќе купиме мазут за ТЕЦ Неготино, повторно ќе стане актуелна. Се разбира, дека ние сакаме и Јегуновце и Силмак да работат.

Сега би сакала да прашам дали некој може да одговори што значат овие вложени пари во ТЕЦ Неготино и колкава ќе биде производната цена на еден киловатчас и колку енергија ќе се добие од тоа и што би значеле овие други пет милиони, кои владата треба да ги предвиди, што ги бараме за овие два комбината и колкава ќе биде цената на киловатчас добиени од нив.

Ми се чини министре, дека со мазутот кој ќе го купиме од 50 до 60 евра за мегават и она што ќе го произведува ТЕЦ Неготино, цената би била околу 10 до 11 центи. Увозната би била 6 до 7, а при активирање на РЕК и Осломеј, јас ве убедувам дека цената на електричната струја ќе биде два пати или три пати поефтина. Но без оглед на цената, барем енергетската криза на некој начин би се обиделе да ја обезбедиме. Ако ова биде како што предлага Владата, а не се интервенира во останатите два комбинати, се прашувам што ни останува друго, бидејќи струја нема од каде да купиме. Вие знаете дека за десетина дена се затвораат двата блока во Козлодуј и Козлодуј останува да работи само со два блока, што значи дека на енергетскиот пазар на Балканот и воопшто во Југоисточна Европа, значително, значи некаде четири пати ќе се намали продажбата или купопродажбата на енергија. Значи, за жал, останува да го сториме она тоа што единствено ни останува да се помолиме да врне дожд и да врне снег, кој ќе се топи во јануари, што е многу ризично, затоа што не знаеме дали тоа ќе се случи, а да се топи во јануари треба за да ја обезбедиме работата на хидроцентралите, кои повторно ќе обезбедат само 15 до 20% од вкупната побарувачка во Македонија.

За да не бидам погрешно разбрана, сакам јасно и децидно да кажам дека за оваа состојба во моментот не е крива оваа Влада, ниту беа задолжени овие пратеници да решаваат. Одговорност и обврска беше на минатата Влада да го заврши тендерот за купување на сруја уште во месец април, каде што со од прилика 150 милиони ќе обезбедеше целата зимска сезона, значи од 1 април 2006 до 1 април 2007 година. Зошто тоа не е направено, тука се луѓето кои претходно беа во Владата да одговорат. Но, ситуацијата е тешка, обврската е префрлена на новата Влада и сметам дека сериозно треба да се размисли во таа насока. Околу енергетиката толку, но бидејќи кажав лично сум засегната за здравството и образованието, уште неколку минути ќе кажам само за здравството, односно за фондот за здравство.

Во однос на приходите на фондот за здравство , во категоријата 71, односно од даночните приходи во ставката 712, која во основа претставуваат приходи на фондот од придонесот за задолжително здравствено осигурување, не се забележува некое поголемо зголемување, односно тоа изнесува незначително, 0,15%.

Зошто го велам ова? Ова го велам, затоа што за да имаме функционално здравство, приходите во Фондот за здравство, треба да бидат постојани и треба да се соодветни на оние кои се вработени во Република Македонија.

Едноставно, сакам да кажам дека поради дивовработените, на кои не им се плаќа ни пензиско осигурување, ни здравствени приходи, приходите во Фондот за здравство се значително намалени, а потребите на пациентите во здравството се огромни. Државните институции, како што се инспекциите би требало многу сериозно и брзо да почнат со работа. Инаку и онака тешката состојба на фондот и понатаму ќе се продлабочува.

Сега ќе зборувам за расходите. Фондот ќе го доведеме во комплетен колапс и заради објективни и заради некои субјективни причини на раководење од претходната Влада, па така здравството во Македонија полека но сигурно ќе одумира.

Во однос на расходите, би сакала исто нешто накратко да прокоментирам, што не може да се види од предлогот за ребалансот на Буџетот, а е во надлежност на раководнтие лица на Фондот и во целокупното здравство кои ќе го спроведуваат Буџетот со зголемување на ставката договорни услуги, или тоа е ставка 425. Доколку не се направи релна распределба во рамките на здравствените установи, односно доколку селективно се платат здравствените услуги само на дел од здравствените установи и најдобро не се изменамџираат овие средства, не се контролира најдобро текот на финансиите и ваква силна и еднократна инекција не се искористи за најнеопходните и неизбежни потреби, ќе се доведеме во ситуација средствата кои во најголем дел се добиваат од продажбата на аптеките, да се искористат непլански, тоа повторно само ќе ја влоши состојбата првенството во Фондот за здравство, а потоа целокупно во здравството.

ВМРО Народна партија има забелешки во расходите на посебниот дел од ребалансот на Буџетот, во делот на стоки и услуги каде се бележи зголемување за околу 1,6 милиони евра.

Главните забелешки се однесуваат на категоријата комунални услуги, греење, комуникации и транспорт што некако и можеме да го разбереме поради безкрајно заостанатите долгови, што пртходната Влада ги направи, но и други тековни расходи, а особено во ставката 425, во категоријата 42, во посебниот дел на ребалансот.

Со зголемување на овие ставки, се трошат средства за работи кои не се во директен интерес на осигурениците на Фондот и кои трошат трошоци во однос на лошата финансиска ситуација во здравството и огромниот долг од пет милијарди денари, не се до тој степен неопходни и приоритетни, за да се насочат во овој дел на расходите на Фондот.

Бидејќи сум доктор, сметам дека сепак, најголем процент од расходите на Фондот треба да се насочат кон пациентите, а се друго да се сведе на минимум, се додека Фондот на некој начин не биде подопоравен.

Значи во ставката 421 се планираат да се потрошат околу 40 милиони денари за комунални услуги, греење, комуникации и транспорт, или десет милиони, што значи 10 милиони денари повеќе од досега планираните, што претставува зголемување од 33%.

Со целото мое разбирање за заостанатите долгови 33% е навистина, и сами ќе признаете преголем износ за ваков тип на трошоци.

Истото се однесува и за ставката 425, што значи други тековни расходи, каде се бележи зголемување од 31 милион на 115 милиони денари, односно зголемување за четири пати, или околу 1,4 милиони евра. Такво огромно зголемување на споредни и тековни расходи не е до тој степен потребно и до сега со ниеден буџет на Фондот не бил предвиден ваков расход, со ниеден, одговорно тврдам во оваа ставка.

Досегашните буџети на Фондот предвидувале неколку пати помал износ од оваа ставка од износот што е предложен со овој ребаланс. Со ова се врши директен упад на средствата кои треба да се насочат кон здравствењните установи.

Посебна забелешка имам и кај категоријата 42, ставка 425 во посебниот дел на расходи, каде е предложено зголемување на расходите. За договорните услуги само за фондот и тоа зголемување од 6 милиони денари, или за околу 100 илјади евра.

Би сакала господине министре да ве известам и да ве предупредам дека речиси цели три месеци Фондот не врши никаква исплата на веледрогериите и дека поради тоа, не знам од кои причини, веројатно има и соодветен одговор, но поради тоа здравствените установи во Македонија трпат со лекови, потрошни материјали, а сето тоа се одразува на пациентите кои треба да ја примаат здравствената услуга. Токму поради тоа, повторувам дека најголем процент од средствата на фондот треба да се упатат кон пациентите, кон лековите, кон потрошниот материјал на болниците, она што е најнеопходно за работа на пациентите.

Значи, ВМРО Народна партија смета дека наместо зголемување на договорните услуги на Фондот, истите е потребно значително да се намалат од причина што Фондот во најголем дел е во можност таквите услуги да ги реализира со сопствен кадровски потенцијал и со тоа на долг рок да заштедат значителни средства.

Еве ова е една од можностите како сугестија, каде би можело да се штеди, бидејќи гледам дека интенцијата е да се штеди и на оваа Влада, што лично мене не ми се допаѓа многу, бидејќи нема веќе од што да се штеди, но состојбата е таква каква што е. За да се штеди треба да има од што да се штеди. Фондот за здравство нема од што да штеди и ако штеди, штеди од пациентите. Значи не штеди државата, штеди од она што вработените го даваат од својата плата за своето

здравје и се разбира, бидејќи сме солидарна држава и за здравјето на другите.

Значи, состојбата е таква каква што е, ние ребалансот ќе го прифатиме, таков каков што е, затоа што сметам дека се ова што се прави се прави од најобјективни причини, но искрено, ќе се заложувам како пратеник секогаш што е можно повеќе пари да останат и во здравството и во образованието, затоа што тоа се системи на државата без кои таа дефинитивно ќе колабира, а во оваа состојба во која што во моментот со наоѓаат здравството и образованието, сметам дека се во речиси, безнадежна состојба и дека им прети опасност на нивен колапс, а потоа и на државата. Ви благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Ви благодарам. Има збор господин Агрон Буџаку.

**Агрон Буџаку:** Ви благодарам господине Георгиевски.

Почитуван господине Славески, почитувани колеги и колешки пратеници,

Во досегашните расправи по однос на ребалансот на Буџетот се забележа една општа насока, посебно од пратениците од оваа страна, во врска со порастот на Буџетот и со расходите кои се предвидуваат да се покачат во неколку раздели и ставки кои се во спротивност со кампањата и имиџот кој сакаше да го создаде ВМРО ДПМНЕ пред изборите. Од аспект на нетрошење на средства, како што е спомнато неколку пати овде за мебел, возила, опрема и други работи, јас не се сомневам во компетентноста на господинот Славески, како професор во областа на финансиите, ако не грешам, секогаш дава образложение кое земајќи го предвид, како што реков и компетентноста и работата која ја има на крајот на краиштата, на еден начин изгледаат основани, но од друга страна, се забележуваат две работи.

Прво, колку господинот Славески ќе ни објаснува, ветувајќи дека сега е во категоријата на политичари, ветувајќи ни дека од овие средства трансферирани во разни раздели за трошоците на администрацијата и на разните министерства, рече дека нема да биде така, знажи нема да има снабдување без тендери. Од друга страна, ве молам, доколку грешам се извинувам претходно, од друга страна рековте дека неколку средства предвидени во овие раздели од Буџетот се за да се исплатат долговите, или набавките направени со тендери од минатата власт. Јас не знам дали вака текстуално го рековте, но колку што јас знам, вака сте го кажале и според законот не може да се распише тендер, доколку во Буџетот не се предвидени средства за набавките. Сега, кога имаме работа со пораст на Буџетот, на една соодветна количина средства, се поставува прашањето како ќе се трошат и како ќе се користат овие средства. Или може да има многу објаснување, образложенија, но времето ќе каже и докаже дали се реално образложени и дали ќе се постави на тој начин, или на друг начин. Но факт е дека според Предлог ребалансот на Буџетот расходите на администрацијата во Министерството за финансии се зголемуваат за 45 милиони и нешто денари.

Исто така, факт е дека што е напишано и во ребалансот на Предлог на Буџетот за кој расправаме дека средствата во категоријата на инвестициите во Министерството за транспорт и врски, кои беа предвидени со Буџетот за 2006 година од 75 милиони се намалуваат на 11 милиони и 500 илјади. Значи за 63 милиони и 500 илјади помалку. Се поставува следново прашање. Сигурно дека господинот Славески не очекува од пратениците на ДПА кои не земаат збор во однос на ребалансот да ни објасниш што станува со овие средства на Водоводот во Тетово. Сигурно дека очекувам од господинот Славески да ни каже каде се наменети овие средства кои се одземаат од Водоводот од Тетово.

Индикативна е една друга работа во оваа расправа. Кога се работи за ребалансот на Буџетот сигурно дека нивото, изјавите, декларациите и програмите. Со популистичката програма на ВМРО-ДПМНЕ, се сака на еден начин да се задоволи и да се остави впечаток дека се загрижени многу за неколку категории граѓани, воглавно повеќе ориентирани кон земјоделието. Но, од друга страна, господинот Мисовски од НСДП, која партија според името и според Програмата треба да биде лево ориентирана партија, говори дека оваа партија е многу задоволна, дека макроекономската стабилност на Македонија ќе се сочува, многу е задоволен дека инфлацијата ќе се сочува и одржи на ниско ниво. Со еден збор испраќа една порака дека овој ребаланс кој е во рамките на државната политика, или на оваа власт, е во согласност и со Програмата на НСДП, или на една лева програма. Јас не сум многу загрижен, бидејќи не очекувам, не се повторувам и нема да се повторам, се извинувам за една мала дигресија, господине Георгиевски, но постојано се говори дека ние правиме опструкција, ги одолговлекуваме расправите и други работи. Самиот господин Славески му се заблагодари на нашиот пратеник Азис Положани за неговата конструктивност и добронамерните и пријателски сугестии во врска со ребалансот на Буџетот и буџетот за идната година. Значи таа измамничка пропаганда од страна на медиумите и парламентарното мнозинство дека наша цел е само да правиме опструкција, за кратко време падна во вода. Наша цел е интеграцијата во Европската унија, а не да се занимаваме со опструкции, туку кога се работи за одбрана на нашите начела, да знаете дека до крај ќе инсистираме, како што беше случајот со Законот за полиција, да се бранат овие начела, бидејќи овој закон ги крши основните постулати на Охридскиот договор.

Господине Славески, ако се има предвид тоа што вие ни најавивте дека набрзо ќе се донесе Буџетот за идната година и ако не грешам рековте дека до средината на декември месец, секако тоа е за поздравување, бидејќи во другите држави со

демократска традиција буџетот се носи во октомври и расправите пред донесувањето на Буџетот, било во рамките на владината коалиција, било и пошироко, тие расправи траат и се од големо значење. Ние ја немаме таа традиција. Но, јас сакам да прашам дали НСДП е таа, или вие кои ќе го изготвите Буџетот за 2007 година, дали ќе имате една развојна политика, или ќе имате една социјална политика, бидејќи мое лично мислење е, се нагласи од господинот Мисовски, дека се оди со одржувањето на макроекономската стабилност и одржувањето на еден дефицит од 1% на Буџетот, кога и Германија и Франција го надминуваат дефицитот дури предвид во евро-зоната имаат 3,8% неколку години и го надминуваат дозволениот буџет. Доколку вие како партија, како десна партија одите во одржувањето на макроекономската стабилност и на ниска инфлација и дефицитот на буџетот кој е под 1%, тогаш мислам дека или треба да ја измените вашата идеологија, или најмалку да се определите поинаку. Значи не може со една популистичка политика, без да се земе предвид албанската компонента во вашата власт, да ги прекинете тие малку средства кои се наменети за еден значаен проект, како што е водоводот во Тетово

Во капиталните дотации на Министерството за транспорт и врски, во администрацијата имаме една голема дискрапанца. Доколку вие ги покачите расходите за администрацијата, еве ќе го земам за пример Министерството за финансии, во износ од 43 милиони, ги прекинете инвестициите од 63 милиони, тогаш или сте скршнале од вашата политика, без оглед дали се говори за Тетово или незнам за каде. Јас не верувам дека истото ќе го направите за водоводот во Прилеп или за снабдување на населението на Прилеп со вода. Без оглед, доколку не одиме со еден буџет, говорам за идниот буџет, бидејќи наспроти искажувањата незасновани на потпретседателот, госпоѓа Коневска-Трајковска дека овде сме имале консензус, ние ниту очекуваме да се консултираме или нашите сугестии да се земат во предвид, било во врска со ребалансот на Буџетот, било и со Буџетот за наредната година. Но, тоа е еден вид на најава и сугестија за да знаете каде стоите, дали живеете во една социјална држава, а во Европа се гледа ремоделизирањето на таканаречениот велфест стејт, или ќе одите во реализирањето на вашата програма за еден развој кој сигурно, првенствено како што го направи Хрватска со големи инвестиции, најнапред ќе создаде дефицит, но не во преголема мерка, што може да не доведе до еден развој. Значи, господине Славески, ако може и се разбира ако сакате, да ми дадете објаснување за овие прашања кои се од големо значење. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Има збор министерот Трајко Славески.

**Трајко Славески:** Му благодарам на господинот Буџаку.

Навистина сум импресиониран од ширината на прашањата што ги зафати. Некои го надминуваат контекстот на сегашната дискусија, но секако задираат во некои суштински прашања на економскиот и социјалниот систем на Република Македонија.

Планирав на крајот од моето завршно обраќање, доколку има таков простор, да ги спомнам прашањата што беа поставени и да дадам одговор на прашањето за водоводот во Тетово, но, дозволете сега да кажам за тоа.

Државата Република Македонија учествува само делумно во помагањето или во финансиската конструкција. Носител е локалната самоуправа.

Работите се такви што во моментот е неопходна или се врши ревизија на досега извршените работи. Со оглед на тоа што Владата процени, преку Министерството за транспорт и врски, дека заради затекнатата тековна состојба и потребата од ревизија, определените со Буџетот 75 милиони денари, нема да се потрошат во текот на оваа година. Затоа тие средства со ребалансот се префрлаат, значи ќе бидат префрлени, од 2006 за 2007 година, во истиот износ. Значи станува збор за практичен пристап, средства за кои се цени дека нема да се искористат во 2006 година, да се префрлат во наредната година. Тоа е целата приказна со водоводот во Тетово.

Инаку, само да ви спомнам, на седниците на Владата кога се дискутираше по ова прашање, навистина и јас се ангажирав, бидејќи често одам во Тетово, имам роднини таму и жално е граѓаните да имаат рестрикции во повеќе наврати во текот на денот по повеќе часови, а гледате како само на неколку стотина метри од Шара се сливаат води. Граѓаните од Тетово заслужуваат квалитетно снабдување со вода и тука ја имаат целокупната поддршка на централната власт. Секако, како што реков, носител е локалната самоуправа.

Инаку, еден краток коментар на ова што беше во неколку наврати алудирано на односите во коалицијата, на идеолошки или на економски план.

Јас господине Буџаку можам да ве уверам дека комплементарни партии како што се ВМРО-ДПМНЕ и НСДП, во односот на економските и социјалните прашања, можат само да придонесат кон еден подобар пристап во понудата на квалитетни решенија. Вие сигурно подобро од мене ги знаете искуствата, некаде наметнати, низ Европа каде што партии, навидум со различни идеолошки предзнаци, секако се во коалиции и формираат влади и одговараат на предизвиците на времето. Таков беше случајот и кај нас. Значи станува збор само за еден дополнителен квалитет, а никако за некој конфликт.

Инаку, сакам да споменам дека не секогаш во животот, а особено во економијата, нешто повеќе значи и подобро. Повисока инфлација не значи подобро и повисок буџетски дефицит не значи подобро. Ако го прифатиме тоа ќе видиме дека

Унгарија што има буџетски дефицит од 10% ,во моментот, е најсупешната држава во Европа. Видовме што се случи пред еден месец во Унгарија, токму заради тоа што власта ја изгубила контролата врз јавните финансии. Тоа во секој случај во Република Македонија не смее и нема да се случи. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** За контра реплика се јавува господинот Агрон Буџаку.

Повелете господине Буџаку, имате три минути.

**Агрон Буџаку:** Три моменти зачна господинот Славески.

Првиот момент е, доколку коалицијата на партиите, тотално различни партии според нивните декларации е можно. Тогаш паѓа во вода теоријата на лончето и капачето. Комплементарни партии може да се комплементираат. Една еколошка партија во Белгија која влезе во коалицијата со социјалистите или со либералите.

За идеолошки прашања, кога се говори за прашања од економскиот развој и за една нова партија како НСДП со лево ориентирана програма, треба да ја раководи нашата економија, ова не е комплементирање, туку нешто друго.

Вие со право го зедовте примерот на Унгарија, но јас го земав примерот на Хрватска. Ако ги погледнеме и стенографските белешки, верувам дека и преводот беше во ред. Јас реков да не одиме во екстремност со дефицитот. Не се зема екстремниот пример за да се нешто илустрира, туку има една развојна инфлација, има дефицит кој може да се соочи со развојна цел и има расходи за кои вие не ни дадовте никакво објаснување зошто во Министерството за финансии администрацијата има 43 милиони повеќе со ребалансот, отколку во предвидениот буџет. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Има збор господинот министер.

**Трајко Славески:** Само краток одговор. Последното прашање пропуштив да го одговорам и навистина е корисно потсетувањето.

Точно е дека во Министерството за финансии е определена дополнителна сума на средства за административни трошоци, како што ги нарекува господинот Буџаку, од едноставна причина.

Ние, ставката за патни и дневни трошоци, ја затекнавме целосно празна. Значи нашите претходници од некоја причина сметале дека за првите 8 месеци во текот на годината требало да искористат се што можело да се искористи од оваа ставка. Сепак, останаа неколку месеци каде што дури и интензитетот на одржување на меѓународни средби кои се корисни за вработените во Министерството за финансии, за подигање на нивниот капацитет, семинари, конференции и т.н. Не можевме да кажеме дека има мораториум на патувања, есенцијални, за вработените во Министерството за финансии. Господине Буџаку, само за тоа се работи.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

За реплика на излагањето на господинот Буџаку се јавува господинот Гарип Каба.

Повелете господине Каба, имате три минути.

**Гарип Каба:** Ви благодарам господине претседател.

Мислам дека господинот Буџаку, покрај неговата професија, тој се покажа и како специјалист економист.

Доколку господинот Буџаку дискутира за Предлог-буџетот, нема тогаш што да се секира за пратениците од ДПА дали тие дебатираат или не за Предлог-буџетот. Тоа е ексклузивно право на пратениците од ДПА, да размислуваат кога ќе дебатираат а кога не, дали тоа ќе биде порано или подоцна.

Во рамките на оваа реплика јас би му сугерирал на господинот Буџаку да не се повторува во своите дискусии. Доколку сака да биде поуспешен, доколку сака да биде поодговорен, тој пред овој Парламент, како и неговиот претходен говорник, треба вам да ви се обрати со претседател, а не со името што го имате.

Јас би го поканил господинот Буџаку, сепак да одговори што направил тој кога бил министер за транспорт и врски, кои се аферите, што сигурно ќе ги анализира посебна комисија и ќе излезе со име и презиме за направените злоупотреби во неговиот ресор и екипата што тој самиот ја раководел.

Во рамките на тоа сигурно сакам на господинот Буџаку да му нагласам уште една работа, а тоа е за прецизното имплементирање на Охридскиот договор, или пак за рамноправноста. Со прецизни проценти на албанското население во државните институции, предвидени се три пати повеќе средства отколку што предвиделе господата во нивниот мандат.

Во рамките на оваа реплика сакам да кажам и за многу други афери, меѓутоа, бидејќи нема време, ова ќе го оставам за во иднина. Меѓутоа, би било добро господинот Буџаку да биде друг пат повнимателен и да не ја злоупотребува оваа говорница.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Една минута контра реплика за господинот Буџаку.

**Агрон Буџаку:** Само фактите ќе говорат за тоа што го кажувам јас.

Јас му се обратив на господинот Славески, а со тоа сакав да се ангажираат и пратениците од ДПА, да ги штитат парите за водоводот. Немав друга цел.

Не е добро пратениците од ДПА да се однесуваат на овој начин овде во овој Парлмент.

А во однос на аферите, јас излегов пред обвинителот, нема никакви елементи, јас сум министер со целосна одговорност и ќе речам пред медиумите и пред сите дека помалку од сите министри сум потпишал непосредни договори. Ова го документирав, така што овде не се работи

за мене лично. Ние говориме за едно прашање кое е од интерес на државата. Кога ќе бидам јас тема на дневниот ред, доколку се измени Владата и ме повикаат на интерпелација, да. Но, јас не сум тема на разговорот.

**Љубиша Георгиевски:** Ружди Матоши три минути.

**Ружди Матоши:** Ви благодарам господине претседател, бидејќи бевме директно повикани ние пратениците од ДПА за да кажеме за водоводот во Тетово, затоа гледам дека е сходно да излезам на говорница и да објаснам. Знаете дека Демократската партија на Албанците во своето владеење од 1998 до 2002 година имаше доделено средства од Телеком за водоводот во Тетово и тоа беа 6 милиони марки. И вие знаете дека во текот на мандатот од 2002 до 2006 година јас лично ги имам побарано најмалку 10, или 20 пати тие пари од министерот за локална самоуправа, значи од вашата влада, за да покрене постапка и да се расветли вистината и луѓето кои што ги имаат злоупотребено тие средства да излезат пред лицето на правдата. Меѓутоа, не сме имале ниту најмало движење во оваа насока. Вие знаете дека една фирма на СДСМ, значи “Иднина инженеринг” е инволвирана во злоупотребата на тие финансиски средства. И господинот Прчевски беше заштитник на вашите политики и тој не покренал ниту најмала постапка за да покрене обвинение за злоупотреба на финансиски средства, а тоа се 6 милиони марки. Значи, ова е тоа што ви припаѓало вам да го направите, меѓутоа вие не сте направиле ништо. Ние побаравме луѓето да излезат пред лицето на правдата. Сега повторно имаме нови средства. Меѓутоа, од министерот за финансии Никола Поповски се констатирани злоупотреби, значи од вашиот министер, вие кога бевте на власт. Има злоупотреби и на други финансиски средства и кога ќе се констатираат финансиските злоупотреби се прекинува проектот и треба да дојдат органите на испрашување во Министерството и да се види каде се констатирани тие злоупотреби на средствата. Затоа искрено ќе ви кажам дека луѓе од органите во општина Тетово се отидени во Министерството за транспорт и врски и разговарале и тоа што утврдил господинот министер Поповски, вашиот министер од минатиот мандат, тоа е потврдено и затоа било задолжително да се прекине со проектот. Значи, тука е констатирана легална злоупотреба како со тендери, како со работата што се врши на терен. Затоа ние не дозволуваме да има други злоупотреби.

Популистичка политика, да ти кажам Буџаку отворено дека ДПА не прави популистичка политика, туку прави многу транспарентна и практична политика. Популистичка политика била на СДСМ дека ќе вработуваат по едно лице од секое семејство, меѓутоа тоа не се направи. Популистичка политика беше вашата кога рековте дека ќе му дадете слобода на албанскиот народ во Македонија. Меѓутоа, нема никаква слобода, значи тоа е популистичка политика. ДПА има различна политика која што се заснова на вистината, транспарентноста и искреноста. Бидејќи немам време, имам уште многу што да кажам, меѓутоа друг пат.

**Љубиша Георгиевски:** Контра реплика една минута, господинот Буџаку.

**Агрон Буџаку:** Господине Ружди, јас не реков што е направено во 2001-2002 година. Ние говориме за еден конкретен предлог за кој мислам дека вие треба да се ангажирате во Владата. Многу е индикативно дека вие се јавувате да реплицирате во однос на наши дискусии. Мислам дека вие треба да излезете и да го браните овој Предлог ребаланс на Буџетот. Тоа е пракса, а не да не обвинувате нас за нешто што судските органи треба да го објаснат, доколку се разбира некој не бил во ред сопред вас за да се превземат потребните мерки. Сега да видиме да продолжат судските органи да се занимаваат со овие работи, а и јас лично сум против секоја можна злоупотреба со средствата кои ќе се инвестираат за еден голем проект, како што беше случајот во 2002, така нека биде и сега.

**Љубиша Георгиевски:** Процедурално господинот Шамбевски.

**Оливер Шамбевски:** Врз основа на кој член господинот Адеми има право да реплицира на министерот. И врз основа на која дискусија на министерот реплицира?

**Љубиша Георгиевски:** Господинот Адеми може и да се пријави за збор.

Има збор господинот Адеми.

**Џеват Адеми:** Фала богу што министерот Славески е присутен тука, фала богу и рече дека програмата на водоводот Тетово не е прекината, тоа што го кажа господинот Матоши дека е прекината.

Моето јавување е насочено до министерот Славески. Тврдам дека зборовите што ќе му ги кажам јас ќе бидат доболен аргумент за да го прифати Владата нашиот амандман што се однесува на водоводот во Тетово, затоа што всушност се говори за втората фаза од водоводот во Тетово. А на господинот Матоши изгледа му застанал часовникот во 2002 година. Значи, реализатор на работите на водоводот во Тетово е локалната самоуправа, всушност општина Тетово и Владата на Република Македонија во проектот водовод учествува со една сума на стредства. Јас го прашувам господинот Славески, колку се прецизни и точни информациите дека обемот на работите во втората фаза е во сумата на средствата што со ребаланс Владата предлага да ги додели на водоводот во Тетово. Прашувам заради фактот што не повеќе од 10 дена службеници од Министерството за транспорт и врски, службеници од локалната самоуправа од општина Тетово и извршната фирма на работите, значи реализатор, имаат направено ревизија на работите на терен и констатирано е дека обемот на работите од втората фаза што се предвидува и

во Буџетот од 2006 година во оние 75 милиони евра е многу поголема отколку финансиската потентност на општина Тетово и колку е предлогот во ребалансот од страна на Владата на Република Македонија. Затоа јас ќе го искористам правото на бранење на амандманот што сме го предложиле ние како пратеници. Истовремено ќе барам и подршка од сите пратеници во Тетово и убеден сум дека од податоците што ќе ги собере господинот Славески ќе види дека со ова скратување на стедствата и со овој ребаланс што се однесува на програмата на водоводот во Тетово, всушност ќе се оштети општина Тетово.

**Љубиша Георгиевски:** Мојот одговор на господинот Шамбевски е дека во Деловникот никаде не е забрането да се прави реплика на министер.

Процедурално господинот Ружди Матоши.

**Ружди Матоши:** Бидејќи ми се спомна името, претседателе имам право да побарам процедурално во однос на пратенкот Џеват Адеми. Значи, ДПА не ги блокира работите и нема да ги блокира работите. Но ова ќе го каже реалноста и ние ќе го изградиме водоводот. Но, господинот Адеми ви се обрати вас со “претседателе”.

**Љубиша Георгиевски:** Реплика, Славица Грковска.

**Славица Грковска:** Не е реплика. Претседателе, сакам да укажам на почитување на процедурата. Ако господинот Адеми имаше реплика на минстерот за финансии, тогаш ниту еден пратеник нема право да реплицира на неговата реплика. Значи, ниту еден пратеник нема право на реплика на друг пратеник.

**Љубиша Георгиевски:** Има збор Владанка Авировиќ.

**Владанка Авировиќ:** Благодарам претседателе.

Јас ќе настојувам да се задржам пократко на нашите опсервации. Социјалистичката партија на Македонија разгледуваајќи го ребалансот на Буџетот, особено ќе се задржи на неколку точки.

Прво, за поздравување е работата на целокупното Министерство за финансии кое што во така краток период изготви ребаланс на Буџетот со толку обемни позиции. И тој што не работел на изготвување на вакви буџети, практично и не знае колкава е оваа работа.

Второ, се забележува во работата на ребалансот дека е применето едно правило, а тоа е два пати да се мери, еднаш да се сече. Значи, во една така комплицирана работа за така краток период, прво, одавам признание на целокупното Министерство за финансии. Вака ревидираните приходи и расходи должно е да се каже дека не ја менуваат фискалната рамка утврдена со Буџетот. Зголеменото ниво на дефицитот исто така во однос на иницијално утврдениот дефицит кој што изнесуваше 0,6% од бруто домашниот производ е променето само за 0,2 процентни поени и тоа е резултат на подмирување на неизмирените обврски на Фондот за здравствено осигурување со средствата остварени од приватизацијата на градските аптеки. Од овој ребаланс исто така може да видиме дека е сепак задржано ниското ниво на дефицит, како јасно дефинирано фискално сидро, како што веќе беше и речено. Со тоа сигурно дека ќе се обезбеди зголемување на кредибилитетот на нашата држава и секако јас очекувам и бенефиции од економските очекувања и значителна подршка во режимот на фиксен девизен курс, како што беше претходно планирано.

Овде би се задржала во рамките на вака планираното ниво на дефицит и она што е направено со предлагањето на вакво решение, а тоа е секако можеби најбитно за граѓаните кои што деновиве се судруваат со низа прашања кои произлегуваат од проблемите со снабдување на електрична енергија за периодот 2006 година до крајот и сезоната април, конечно 2007 година.

Амандманите кои што ги даде Владата кои што ни беа на располагање овие денови и за анализи укажува дека се во функција на надминување на општиот недостиг на електрична енергија што секако доколку не се предвидеше ваква интервенција граѓаните ќе почуствуаа на свој грб и ние ќе се судревме во понатамошниот период со недостиг на електрична енергија во сите сектори. Ваквата интервенција повеќе пати се кажа од што произлегува. Да бидам пократка, резултат е енергетската криза, општиот недостиг на електрична енергија на регионалниот пазар. Потоа, ненавременото ангажирање на електрична енергија преку необјавените тендери, потоа проблемите кои што ги создаваат повеќе големи потрошувачи заради неусогласеност помеѓу најавените потреби и остварената потрошувачка на електрична енергија при што се јавуваат дури отстапувања и над 20%. Исто така, имаме и потпишување на протоколот за испорака на елелктричната енергија со 'Силмак” за овој период кој што претходно го нагласив. Значи, тоа е првата димензија. И во потполност се согласувам со предложените решенија со амандманите.

Вторара димензија која што сакам да ја апострофирам, а тоа е дека во овој период се констатира значително неповолна состојба што ја затекнавме, особено во кумулираните неизмирени обврски за комунални и договорни услуги. Имајќи ја предвид оваа состојба, а имено произлегувам и како советник од Градот Скопје. Значи, ние се судривме и на локално ниво со проблемите за неисплатените комунални услуги на основните училишта, средните училишта, градинките. Зарем ние не сакаме сега овие услуги да ги надоместиме, она што беше пропуштено во претходниот период од претходната Влада да го затвориме на најбезболен можен начин. Значи, било по пат на судски решенија да го измириме долгот, или да ги програмираме сега и тие прашања да ги затвориме. Жалосно е ако ние тие прашања сега не можеме да ги затвориме, а беа испуштени со наменските блок дотации што беа

потребни во претходниот период да бидат програмирани и сето тоа да биде сервисирано.

Третата димензија која што сакам да ја напоменам, а тоа е за големо поздравување, конечно со еден ребаланс кој што навистина сега и со новиот Буџет преку овој ребаланс ќе се настојува што е можно подобро планирање на новите средства. Меѓутоа, од огромен интерес е дека со ребалансот е предвидено значително подобрување и зголемување на програмата за поттикнување на земјоделието и програмата за здравствена заштита на животните. Особено импонентно е износот и цифрата на зголемувањето во земјоделието. Со дополнително обезбедените средства со ребалансот прво, ќе се покријат и дел од неизмирените обврски во Управата за ветеринарна заштита. Исто така, веќе беше речено од некои колеги и од министерот дека најзначајни се мониторингот за болеста на “лудите крави” кај говедата и останатите болести. Меѓутоа, она што е најзначајно со ова зголемување на средства во земјоделието за прв пат сега започнува големото одење кон Европската унија, бидеќи колку средства ние ќе предвидиме во нашиот Буџет за земјоделието, толку Европската унија ќе посвети внимание и во нивните доделувања на средства за овој значаен сектор во Македонија. Значи, тоа е комплементарно, ако ние како држава успееме да доделиме средства во земјоделието, Европската унија поведувајќи се од таквите значајни померувања кои што до сега не се направија секако ќе успее да ни обезбеди што е можно поголем пат кон овие нови доделувања на средства. Овде некои од колегите пратеници зборуваа за она што зборуваше и вицепремиерот Коневска со ИПА програмата. Значи, јас го поздравувам како идеа и како почетно остварување со ребалансот и се надевам дека и во идниот Буџет ова ќе биде како политика во голема мерка спроведено.

Има уште многу да се зборува, меѓутоа и другите колеги пратеници не правеејќи разлика од која групација доаѓаме, значително придонесоа во оваа дебата. Благодарам и уште еднаш го поздравувам овој ребаланс.

**Љубиша Георгиевски:** Има збор госпоѓица Славица Грковска.

**Славица Грковска:** Почитуван претседателе, колешки и колеги пратеници, почитуван министре за финансии, ребалансот на Буџетот доаѓа во период кога сме на прагот на подготовка на новиот Буџет за наредната година. Така што мојата дискусија во еден дел ќе биде насочена како коментари на ребалансот, меѓутоа во една смисла како препораки за подготовка на наредниот Буџет.

Дозволете ми да се придружам на предлогот на господинот Буџаку дека можеби би било добро буџетите за секоја наредна година да не ги гледаме во цајтнот, во декември, туку многу порано за да бидеме многу порелаксирани во дискусијата, меѓутоа и да одговориме на барањата и на останатите субјекти. Ние бевме сведоци дека Сојузот на синдикатите, Сојузот на стопански комори побара да бидат вклучени во расправата, односно во текот на подготовката на новиот Буџет што би било многу добро заради засегнатоста на тие субјекти и заради засегнатоста исто така на заедниците на единиците на локална самоуправа кои што се соочуваат во еден добар дел практички со реализација на буџетските средства кои што ќе бидат планирани.

Јас ќе се задржам само на неколку поенти од ребалансот, практично на неколку политики кои што се зафатени со ребалансот.

Се разбира дека ќе почнам со децентрализацијата.

Кога почнавме со дебатата по

**Љубиша Георгиевски:** Ајде ве молам да слушаме повнимателно.

**Славица Грковска:** Кога почнавме со дебатата по пакетот закони за децентрализација на локалната самоуправа, за жал јас и тогаш дискутирав и изразив жалење, дека ние најголемиот дел од својата дискусија, обременети со политичката ситуација во тој момент го фокусиравме на Законот за територијална организација. Меѓутоа, речиси без никаква дискусија поминаа останатите закони што практично беа од суштинско значење за функционирање на единиците на локалната самоуправа. Тоа е Законот за даноци од имот, Закон за комунални такси, Закон за административни такси што во суштина обезбедуваат права на општините да ја утврдат висината на стапката на даноците, износот на таксите и да ја градат политиката на ниво на сопствени приходи на општината, што исто така би можело да биде многу значајна стапка во буџетот на општините. Тоа не значи дека законите не се сериозно подготвени и предложени, меѓутоа од една политика за децентрализација, суштинска децентрализација од централна на локална власт, ние ја сведовме само на закон за територијална организација. Според мене тоа беше многу лошо.

Се разбира, одредени политички партии и одредени политички личности имаа прилично бенефит од тоа, меѓутоа не и меѓу граѓаните. Затоа сега имаме забелешки од страна на ЗЕЛС за одредени ставки што се однесуваат на тие закони, меѓутоа она во што би ги подржала, тоа е нивното барање да се измери фискалниот капацитет на секоја општина поодделно. Ова барање го има добиено и министерот за финансии. Мислам дека е тоа добро заради тоа што имаме нерамноправна позиција, стартна позиција во различни општини. Дури, заради амбиентот што беше тогаш, нашите коментари беа дека има општини кои во дадениот момент инсистираа да бидат општини по секоја цена, меѓутоа кога ќе отпочне процесот на децентрализација, во суштина ќе сватат дека намаат доволно капацитет да егзистираат на

таков начин. Можеби би можеле да се соочиме со повторно реорганизирање на единиците на локалната самоуправа.

Се разбира, дека тука ќе се придружам на говорот, тврдењето или заложбата на господинот Цветко Грозданов, што го изнесе на Комисијата за образование, наука и спорт, дека општините би требало да бараат начин како во еден дел самите да се снаоѓаат во решавањето на нивните проблеми. Тоа е друго прашање.

Меѓутоа, факт е дека, како што стојат сега работите би требало во еден дел да се направи договор со ЗЕЛС, со оглед на тоа што нивните барања се навистина сериозни и би требало да се оцени кои се навистина реални и какви се проблемите со кои што се соочуваат во овој процес.

Кога зборувме за децентрализацијата, тоа е процес, не се одвива преку ноќ, за тоа зборувавме и за фази во реализацијата. Глобалната оценка на сите субјекти е дека процесот успешно се одвива во оваа година ипол, меѓутоа тековно би требало да се дебатира за прашањата кои што претставуваат пречка во нормалното функционирање на општините, и колку е тоа неспособност на општините или на градоначалниците на општините да ги решаваат, а колку е лоша проценка во распределбата на средствата од страна на Владата. Затоа мислам дека е добро и ЗЕЛС да се вклучи при подготовката на Буџетот, особено коа станува збор за наменските дотации, а исклучиво тоа беше потенцирано и од сите и од меѓународни претставници и од нас кога сме зборувале за различни закони, особено законите за основно и средно образование, односно законите од областа на образованието, заради тоа што има загриженост од сите, кога зборуваме за фискална децентрализација, како тоа ќе се одрази во образованието. Заради тоа што можеби во културата не. Можеби во другите сегменти не. Меѓутоа, последиците од фискалната децентрализација во образованието, и немањето средства за нормално функционирање на образованието, може да има најсериозни импликации по состојбите во државата. Затоа сметам дека е добро што во ребалансот се зголемени средствата во образованието, а се надевам дека таквата политика нема да остане само на ребалансот на Буџетот, туку ќе продолжи и понатаму.

Во нашите дискусии, во Комисијата за образование, наука и спорт, сите истакнавме дека колку и да се доделат средство во образованието секогаш ќе биде малку за образованието, заради тоа што, ако сакаме да зборуваме за реално поставување на реална основа за економски развој на една држава, тогаш вистинската инвестиција е прво во образованието.

Тоа е основата и не е за џабе тоа потенцирано и на сите меѓународни форуми и се поголема тежина му се дава на образованието, што за жал, не е толку случај кај нас, заради тоа што ние сме обременети со други реформи и со други процеси кои што треба да ги одвиваме, особено во претходниот мандат, заради тоа што беше вклучително тешко во еден таков период да спроведете, да ги имплементирате сите закони како обврска од Охридскиот рамковен договор, паралелно да правите и реформи во одбраната и реформи во јавната администрација и да водите сметка за образованието, навистина беше тешко да му дадете поголем приоритет на образованието кога имате реформи кои што одземаат реално, во тој временски период заради обврските што ги има преземено државата многу поголеми средства.

Меѓутоа, јас се надевам со оглед на тоа што целиот тој период речиси помина дека, сега практички се создадени услови инвестициите од страна на државата преку буџетот во образованието да можат да бидат реално многу поголеми, отколку што беа до сега.

Она што е случај во образованието, исти и во некои други сегменти е фактот дека еден добар дел на кофинансирачки средства. Тука, уште еднаш би сакал да ја истакнам помошта што Холандија ја дава на Република Македонија, особено во поглед на образованието што е од голема помош. Ние би требале, како држава, да се фокусираме и на такви дотации, имајќи предвид дека имаме лимитиран буџет од домашни средства, за да можеме практично да инвестираме многу повеќе на оние места каде што сакаме.

Меѓутоа, она што мене особено ме загрижи е во еден друг сегмент, се зголемуваат средства и во средината еден дел, што е за поздравување, меѓутоа не би смееле со однесувањето од политички аспект, од партиски аспект да ги доведеме во ситуација главните донатори во Македонија во одредени сегменти да најават скратување на својата помош само заради партиски причини. Имено, се соочивме со фактот Холандија да се закани дека ќе ја скрати помошта во Царината, само заради тоа што беа сменети луѓето во кои е инвестирано преку оваа донација во целиот тој процес, во процесот за помош на Холандија за реформи во јавната администрација, реформи во Царината. Се соочивме со ситуација кога за прв пат во меѓународен извештај стои дека во Царината е значително намалена корупцијата, да бидат сменети токму оние луѓе кои се обучувани со холандска донација и практично да бидат обвинети од страна на премиерот заради корупција. Пак ќе повторам, кога прв пат меѓународниот извештај за царината вели дека е значително намалена стапката на корупција во Царината.

Јас би апелирала, со оглед на тоа што сите зборуваме дека реформите што треба да ги направиме во процесот на евроинтеграција се големи и бараат големи трошоци. Ние имавме Комисија за образование и наука, па кога за прв пат ректорот на еден државен универзитет беше повикан да даде извештај пред пратениците за

своето едногодишно работење, каде што како заклучок на Комисијата произлезе дека мора да се обезбедат повеќе средства од Болоњската декларација, што е многу мал сегмент од нашите европски интеграции. Ние не би смееле да се доведуваме во ситуација, кога велиме дека знаеме дека е тоа наша домашна работа, дека за тоа ни требаат многу средства и дека не можеме тоа сами да го направиме, дека очекуваме да почнеме да ги користиме фондови и играме на картата на донатори, да правиме потези со кои што ќе ги изгубиме донаторите.

Заради ова би сакала да апелирам до Владата да се корегира во тој сегмент, да не ја доведеме Република Македонија во незавидна положба. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор...

(Во меѓувреме се пријави пратеник)

Има збор Филипова Виолета.

На време јавувајте се, ве молам.

**Виолета Филипова:** Во ред.

Почитуван претседателе, почитуван министре, почитувани колеги пратеници,

Во мојата денешна дискусија ќе се задржам само на најновиот амандман добиен од Владата во врска со ребалансот на Буџетот и тоа на последниот дел од амандманот, во кој се вели дека со ребалансот на Буџетот, како субвенција за ЈП МЕПСО ќе бидат обезбедени 20 милиони евра.

Субвенција во ЈП МЕПСО, или неповратна донација е, за мене можам да кажам и за македонската јавност, чудна работа. Во историјата на македојнското електростопанство, во времето на 50-те години од постоење на ЕСМ, од времето на последните 16 години независна Македонија не се памети случај да од Буџетот се дава субвенција за било кој дел од електростопанството. Не е давано субвенција ниту за електраните, не е давама субвенција ниту при изградба на капитални објекти, туку се земани кредити, а најмалку субвенција за еден од најдоходовните делови во Електростопанството, тоа е пренос на електрична енергија или сегашното ЈП МЕПСО.

Би сакала да се осврнам на моменталната ситуација во електростопанството. Енергетскиот систем во Македонија, најблаго речено се води чудно. Се води чудно изминативе месец - месец ипол, откако е направена промена во раководните структури во сите електрани, термоелектрани, рударско-енергетски комплекси. Како да после четири години беспрекорно работење на РЕК Битола, на РЕК Осломеј, на хидроелектраните, како после последново вклучување летово на ТЕЦ Негодино сега одделнаш почнува да се јавуваат секаде проблеми.

Најблаго што можам да кажам е дека тоа се приказни за мали деца. Немало јаглен за работа на РЕК Битола и РЕК Осломеј. Како се кажуваше во излагањето на некои претходни дискутанти, во едната имало резерва за три дена работење, во другиот РЕК имало за шест дена работење.

Да се има јаглен, јагленот треба да се копа од рудникот и да се префрли во депониите. Ако нема јаглен, копајте, префрлајте, па потоа нека се користи за работа на Термоелектраната.

Изминативе денови можевме да прочитаме дека јагленот во депонијата на РЕК Битола имал примеси на песок, прашина и незнам како уште беше кажано. Во сите рудници рудата е со примеси. Работете, исчистете го јагленот како секогаш што се работело и нека работи термоелектграната. Ако техничките лица не знаат на кој начин треба да се исчисти јагленот за да биде чист и да работи термоелектраната, нека прашаат. Има луѓе кои знаат луѓе кои во изминатиот период тоа работеле успешно и...

**Љубиша Георгиевски:** Ве молам, тоа е премногу дигресија. Се впуштаме во премногу детали. држете се за темата.

**Верица Филипова:** Ве молам да не ме прекинувате господине претседателе.

**Љубиша Георгиевски:** Добро, тоа ви е прва дигресија.

**Верица Филипова:** РЕК Осломеј изминатите неколку дена се исклучуваше, па се обиде пак да се исклучи, колку што знам повторно не можеше да влезе во погон, сега повторно не работи. Пукнала некоја цевка, имало дефекти во работењето. Пак техничка причина, повторно причина нестручност на луѓето кои раководат.

ТЕЦ Неготино се вклучуваше, се исклучуваше, не можеше да стапи на работа, за да работи не како денес. Ќе видиме до кога. Повторно од технички причини не можеше да се активира термоелектраната.

Уште еднаш сакам да нагласам дека преку ноќ, со смена на раководството во сите електрани почнаа да се јавуваат проблемите, да се јавува недостиг на електрична енергија, почнаа да се полнат весниците и да се зборува за тоа како ќе има проблем наредното зимо, ќе сме немале електрична енергија.

Би сакала да напомнам дека 20-те милиони евра субвенција за МЕПСО, за купување на мазут за производство на електрична енергија, дали тоа значи дека ќе се набави мазутот од ОКТА? Дали тоа значи дека ќе се набави мазутот без тендер? Дали тоа значи дека некогашните блиски релации меѓу човекот кој го потпиша договорот за приватизација на ОКТА, сегашен премиер на Македонската Влада, продолжуваат? Дали е тоа добар бизнис за некого? А ние овде треба да изгласаме ребаланс на Буџетот и да дадеме 20 милиони евра субвенција за надминување на проблемот со недостиг на струја, како што популарно се кажува.

Почитуван претседател, почитуван министер, почитувани колеги пратеници,

Кој од стоте чекори во Изборната програма на ВМРО-ДПМНЕ беше да се даде субвенција на МЕПСО, да не се даде субвенција за земјоделците, за тутунарите, за производителите на пченица, да не се даде помош на социјалците, да не се даде помош на стечајците, да не се даде помош за нови инвестиции, туку да се даде на МЕПСО.

Во Електростопанството се потребни менаџери, потребни се стручни кадри специјалисти за областа во која се работи бидејќи резултатот од нестручното работење доаѓа веднаш, доаѓа многу брзо. Резултатите се манифестираат во вид на дефекти, во вид на пукање на цевки, во вид на испаѓање на блокот, неработење на централата, неможноста да се вклучи во системот итн. На крајот резултатот од лошото работење се гледа во дефицитот на електрична енергија.

Во изминативе 4 години Електростопанството, електроенергетскиот систем во Република Македонија работеше беспрекорно. Со смената на раководниот кадар, по трети пат повторувам, почнаа да се јавуваат проблеми. Би сакала да нагласам дека политичарите се за во Парламент, политичарите се за во партиите, додека политиката и популизмот, присутни цела 2005 и 2006 година кај нашите ценети универзитетски професори, кај нашите многу ценети доктори на науки, доктори на технички науки и асистенти, сега треба да се покажат на дело. Да се покаже на дело како можат да го управуваат електроенергетскиот систем на Македонија не со неповратни донации, не со субвенции, не со зафаќање од џебот на нашите граѓани.

На крајот, ве молам министер Славески да ми одговорите на едно прашање: зошто субвенцијата за производство на електрична енергија на се дава на Термоелектричната централа “Неготино” која дефакто треба да го преработи мазутот и да го претвори во електрична енергија, ТЕЦ “Неготино” е како што знаете независен правен субјект, туку се дава на Македонскиот електропреносен систем оператор МЕПСО, чија функција е да го врши само преносот на електричната енергија од изворот до дистрибуцијата. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

За реплика се јавија пратениците: Александар Николоски три минути, Димеска Катерина три минути и Илија Китаноски три минути. Репликите ќе одат по тој редослед.

Повелете господине Александар Николоски, имате реплика три минути.

**Александар Николоски:** Благодарам претседателе.

Почитуваната колешка постави многу прашања кои се во најмала рака реторички или треба да ги постави во нејзината партија и кај евентуално нивната комисија за енергетика, односно досегашните т.н. експерти кои го водеа и ЕЛЕМ и МЕПСО, од проста причина што ситуацијата со тоа што сега се соочуваме во моментот е резултат токму на недомаќинското работење, пред се, на директорот на ЕЛЕМ господин Панде Лазаров, а исто така и на целата структура во ЕЛЕМ, ако сакате и во МЕПСО, заради тоа што се доведовме во оваа година во состојба да не се изврши ремонт на двете најголеми термоелектрични централи во Македонија РЕК “Битола” и РЕК “Осломеј” се доведовме во ситуација да не биде набавена електрична енергија од светскиот пазар кога за тоа имаше поволни услови и на крајот на денот се доведовме во ситуација да имаме залихи од јаглен за 2, 3 или 5 дена зависно како пристигнуваат податоците. Практично ова можам да го протолкувам како обид за мини државен удар заради тоа што со промената на власта раководството во ЕЛЕМ се обиде да ја доведе државата во енергетска криза, доведувајќи не во ситуација да мора интервентно да реагираме за државата да може да ја преживее зимата, односно да не ни се случува да имаме рестрикции, да не ни се случува да страда стопанството, да не ни се случува практично државата да се блокира и да гледаме слики какви што имаше во Албанија пред неколку години, кога државата мораше по осум, девет часа да прави рестрикции за да може едноставно да преживее.

Би сакал сите овие прашања да ја замолам колешката да ги упати до нивните т.н. експерти и досегашни раководства на електричните централи и на термоцентралите, заради тоа што проблемите не настануваат за ден, два или недела колку што има нови раководни структури туку проблемите се апсолутно наследени и апсолутно се сомневам дека доколку не се случеше промена во раководниот систем, можеби денес немаше да бидеме овде и немаше да има седница на Собранието, можеби немаше да имаме електрична енергија заради тоа што обидот на СДСМ е многу јасен: да се блокира ВМРО-ДПМНЕ, Владата на ВМРО-ДПМНЕ од самиот почеток со една силна енергетска криза која што се обидоа да ја наметнат.

Во однос на политиката, во однос на интервенцијата можеме да разговараме понатаму, но тие прашања ќе ги оставиме за некоја друга дискусија, дали да речеме големите потрошувачи треба во непазарни услови да добиваат електрична енергија, дали на тој начин треба да се субвенционираат и дали стечајците треба да добиваат средства итн, но основно е дека овде имавме сериозен упад во електроенергетскиот систем на Република Македонија. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Контра реплика за пратеникот Верица Филипова.

**Верица Филипова:** Репликата на колегата е чисто политиканство и популизам. Проблемите започнаа како што кажав со доаѓањето на новите раководства во ЕЛЕМ и во МЕПСО. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Реплика за господинот Илија Китаноски, повелете.

**Илија Китаноски:** Благодарам.

Почитуван претседателе, почитувана колешке, навистина во текот на вчерашниот ден не ја следевте дискусијата и јас препорачав до колегите од СДСМ и колегите од опозицијата да не ја чепкаат оваа рана што ја создадоа на македонското стопанство нивните директори, нивните криминализирани раководни структури кои за брзо време ќе добијат и соодветна разврска, затоа што промените и смените, кога дојдоа новите раководства на ЕЛЕМ и на МЕПСО, тоа што го затекнаа беше следнава состојба: во РЕК “Осломеј” наместо за 45 дена резерва на јаглен, што е задолжителна резерва за работа на термоелектраната, имаше за три дена. Тоа е диверзија, тоа веќе не е ниту политика, ниту делумно работење, не е ниту криминал туку чиста диверзија.

Второ, не е извршен ремонт на РЕК “Осломеј” и РЕК “Битола” за прв пат откако се изградени како термоелектрани и тоа е диверзија, ама таа диверзија е смислена за да можат пицерии и перални да собираат по милиони евра. Само така можат да работат тие, бидејќи ако навистина им дадете да работат ремонт, тие не умеат тоа, тие можат да прават пици, да мијат автомобили. Инаку, следниот пат кога ќе разговараме на оваа тема ќе ви ги донесам сите фактури од тие пицерии и перални за да видите што работеле тие и за колку пари, за да знаат другите пицерии и перални во Македонија како се работи со кадрите на СДСМ. А дека е тоа субвенција на МЕПСО, можете да ја наречете и субвенција и дека ќе ја плати народот - да, точно е, народот и граѓаните ќе платат, ќе го платат криминалното однесување на раководството на МЕПСО и на ЕЛЕМ. Значи криминалното однесување, еве, одговорно тврдам од оваа говорница и тоа навистина мора да се плати, бидејќи ќе настане енергетска криза. Дали е со намера или без намера, тоа ќе го оценат надлежните органи. Во копот во Осломеј пред три и пол години требаше да се изврши преместување на реката Темница за да се обезбеди ископ на јаглен од површинскиот коп од новиот коп “Осломеј” - запад. Три и пол години тоа не е направено. Зошто? Повторно од овие причини, за да можат разни “човек фирми со ташни” да прават милионски зделки во ЕЛЕМ. Го претворивте господа ЕЛЕМ и МЕПСО во крава молзница и од нив е молзено до бескрај и дојдено е до оваа ситуација во која сега е ЕЛЕМ.

Затоа, уште еднаш ви препорачувам како на колеги, не ја чепкајте таа работа зашто големи крокодили ќе излезат во ЕЛЕМ и во МЕПСО од вашето раководство, кое претпходно вие сте го поставиле таму. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Една минута контра реплика за Верица Филипова. Повелете.

**Верица Филипова:** Вчера ја слушав репликата од господинот Китаноски на дискусијата на господинот Слободан Најдовски, истиот одговор кој му го даде господинот Најдовски би му го дала и јас. Доколку имало било какви неправилности во работењето на фирмите кои тој ги кажа, постојат кривични органи, како што му одговори господинот Најдовски би му одговорила и јас, па повелете, терајте ја работата понатаму.

А во врска со домаќинското работење и успешноста во работењето во рударско-енергетските комбинати, јас би го кажала само овој податок. На 7.11.2002 година РЕК Битола имаше обврски од 21.300.000 евра или 1.296.000.000 денари. На 30.09.2006 година обврските на РЕК Битола изнесуваа 6.800.000 евра или 420.000.000 денари. Обврските од неуспешното работење, од работењето на неуспешното раководство на РЕК Битола се три пати помали од 2006 година. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Господине министер, ова е од прилика крајот на општиот претрес по Предлогот. Бидејќи најавивте дека ќе побарате збор на крајот, повелете.

**Трајко Славевски:** Благодарам.

Почитуван претседател, почитувани пратеници, се јавив за збор откако констатирав дека дискусиите по општиот претрес треба да се завршени, па ќе се обидам да дадам одговор на некои од поставените прашања, покрај оние на кои си земам за слобода да интервенирам во текот на дискусијата.

Пред да преминам на тоа, навистина сакам да изразам голема благодарност кон сите укажувања во текот на дискусиите, кои одат кон подобрување не само на нашето размислување во врска со подготовката на вака сериозни работи како што се измени и дополнувања на буџет, туку и она што претстои на Владата преку Министерството за финансии за многу кратко време, како што беше вчера најавено подготовката и Предлогот на Буџетот за 2007 година.

Најискрено ве уверувам дека она што за вас по дефиниција тука е јасно дека сите дискусии и сите пристапи се легитимни, ние целосно ги разбираме, без разлика дали имаат политички призвук, дали имаат стручен призвук итн целосно ги разбираме и ги прифаќаме, се обидуваме или ќе се трудиме да ги инкорпорираме во нашиот пристап и она што го нуди и Владата и Министерството за финансии како Предлог до пратениците. Мислам дека ќе изнајдеме начин да го извлечеме од оваа плодна дебата она што е интерес на граѓаните на Република Македонија.

Неколку прашања заслужуваат одговор во ова мое обраќање, од покрупните. Не може да се одговори на сите забелешки, не е ни тоа намера, а ние сме тука и да буџетираме со времето.

Прво, сакам да изразам навистина благодарност за разбирањето односно за вашата загриженост во врска со амандманот на Владата на Република Македонија за интервентен увоз, интервентна

набавка на мазут за производство на електрична енергија, што предизвика значителни промени во првобитниот предлог. Сакам да напоменам дека овде работите се одвиваа во од, додека навистина не откривме и не разбравме дека МЕПСО, односно старото раководство на МЕПСО во електроенергетскиот биланс на Република Македонија предвидело расходи односно трошоци само за првите девет месеци од годината. Откривме навистина една празнина која на овој начин мораше да се пополни. Стручни лица кои повеќе од мене ја разбираат оваа област укажаа на сегашната состојба со производството на електрична енергија во регионот, неможноста да се набавува на лице место електрична енергија заради недостигот и проблемите со другите опции, освен оваа за која се одлучи Владата на Република Македонија.

Овде сум должен да појаснам, затоа што беше експлицитно побарано, како Владата по усвојувањето на овие измени и дополнувања на Буџетот ќе ја реализира оваа значителна операција со која ќе се обезбеди непречено снабдување со електрична енергија на деловните субјекти и на граѓаните во Република Македонија. Значи се одвојува сума од 1,2 милијарди денари или 20 милиони евра кои ќе бидат на располагање за задоволување на потребите од репроматеријали за производство на електрична енергија. Точно е дека ТЕЦ Неготино е субјектот, кој е независен субјект, но ТЕЦ Неготино е во рамките на електроенергетскиот систем во Република Македонија. Значи набавката на мазут ќе ја врши самото претпријатие кое ќе го троши мазутот односно ТЕЦ Неготино. Овде е споменато МЕПСО затоа што и тоа е дел од нашиот електроенергетски систем, преносот како што споменавте, од практични причини, затоа што на крајот тука се покажуваат сите пропусти и слабости како загуби во работењето на вкупниот електроенергетски систем. Не сакам да навлегувам во оценките за трошење, домаќинско-недомаќинско работење на претходните раководства, за тоа има институции и органи кои тоа ќе го констатираат, но состојбата која што ја затекнавме е таква дека сите сегменти од електроенергетскиот систем на Република Македонија се судираат со недостиг на средства. Ниту МЕПСО, ниту ЕЛЕМ во моментот не беа во кондиција да одговорат на потребата за дополнително обезбедување на одредени количества на електрична енергија, јас споменав во моето воведно излагање 130 мегават часови електрична енергија за нормално задоволување на потребите во текот на зимскиот период во кој навлеговме.

Со оглед на фактот за неопходноста од интервентна набавка на мазут, овој мазут ќе биде набавен во рамките на членот 3 од Законот за јавни набавки со непосредна спогодба со Рафинеријата ОКТА, затоа што тоа е единствениот начин веднаш да започне да се испорачува мазутот во наредните 50 дена со динамика од 1000 тони мазут дневно. Толкав е и капацитетот на Скопската рафинерија.

Само да потсетам, една мала дигресија, со Договорот за продажба на ОКТА Владата на Република Македонија или Република Македонија беше обврзана за набавка на мазут, редовни набавки, од кои подоцна е отстапено и за што се водат судски спорови. Ако го ставиме тоа во овој контекст, теоретски може да прифатите или да не прифатите дека одговараме на една таква обврска која била преземена, но не би сакал да навлегувам во тоа.

Бирото за стоковни резерви ќе отстапи, ќе позајми 15 милиони тони мазут и тоа веќе се прави со одлука на Владата на Република Македонија, кои што во најкраток можен период преку тендер што ќе биде спроведен во наредниот период ќе бидат надоместени и сето тоа е во рамките на Законот за работење на Бирото за јавни набавки. Повторувам, над овие 50 илјади тони мазут, 15-те илјади тони мазут што ќе ги позајми на ТЕЦ Неготино Бирото за јавни набавки ќе бидат обновени преку јавен тендер во законските рокови во кои тие мора да бидат обновени. Доколку пресметате, според цената на мазутот, некаде 250 - 260 евра за тон и количествата што ги споменав, веројатно останува една сума од 4-5 милиони евра која стои на располагање за дополнување на евентуалните потреби кои можат да се јават над ова што сега се обезбедува. Работа на експертите на ЕЛЕМ и на МЕПСО е да оценат на кој начин тие средства би се искористиле се со цел да се обезбеди непречено снабдување на Република Македонија со електрична енергија. Можеби некоја од варијантите кои беа споменати во една од дискусиите претходно од почитуваните пратеници ќе биде земена предвид. Толку за ова прашање.

Наредното крупно прашање кое секако ќе ја засегне македонската јавност, ги засега и пратениците кои треба да гласаат по овие измени и дополнувања на Буџетот на Република Македонија за 2006 година е на приходната страна ставката приход од дивиденда од Телеком.

Овие приходи се од дивидендата која, како дел од профитот, ја има остварено или ја имаат остварено Македонските телекомуникации во 2005 година, повторувам за 2005 година. Од познати причини за кои јавноста е добро информирана, оваа дивиденда не е исплатена така што се поминати сите рокови. Според Законот за трговски друштва претпријатијата кои остваруваат позитивни резултати во работењето и дел од профитот го делат и за дивиденда обврзани се до мај месец да ја исплатат дивидендата. Крајниот рок е крајот на септември. Доколку тоа не се направи сите оние кои имаат побарување во вид на дивиденда имаат право на камата на тие средства кои не ги добиле.

Станува збор за нешто што на Република Македонија и следува. Република Македонија преку Владата е сопственик на некаде близу 38-39% од акциите од Телеком. Вториот по големина

после МАТАВ, најголем акционер, има легитимно право на учество во таа дивиденда.

Од објективни, за нас, причини до сега, тие средства кои следуваат на име на дивиденда не се префлени во редовна процедура со Одлука на Управниот одбор заради, како што е познато, проблемите што ги има концернот на меѓународно ниво МАТАВ, што е надвор од нашата контрола.

Токму заради ова ние како нова Влада побаравме објаснување за тоа кога можеме да го очекуваме реализирањето на ова наше право. Тоа беше уште на вториот или третиот ден од функционирањето на оваа Влада, тогаш господинот Груевски се сретна со претставници од МАТАВ при што беше кажано односно ветено дека она што и следува на Република Македонија на име на дивиденда ќе биде исплатено до крајот на годината. Ние пристапивме кон барање на конкретно законско решение и сме на пат тоа да го оствариме односно реализираме. Интерес е и на МАТАВ тоа да го направи затоа што од 1 октомври о.г. може да тече камата на неисплатената дивиденда...

(Дофрлување од место)

Молам, вака директно не комуницирам, не тече во моментот затоа што не ја знаеме вистинската сума, не е утврдена, таа ќе се утврди.

Сакам да ги демантирам пишувањата на некои медиуми дека Владата на Република Македонија преку заем од МАТАВ ќе сака да обезбеди средства кои ги планира во Буџетот. Видете, ова е многу мистериозно затоа што, доколку има потреба за било што од заем на меѓународниот пазар на капитал, денес постојат такви опции и многу поповолни и не е работа на една влада, на една држава оној кој ви должи од него да барате заем. Не знам од каде е оваа навистина несериозна конструкција, што значи, доколку МАТАВ не си ги среди работите до крај на овој месец ќе биде направено компанијата да го откупи правото на дивиденда од Република Македонија. Чисто техничко решение со кое ние во годината во која дивидендата ни следува ќе си ги добиеме средствата. Тоа ќе се случи.

Кога сме кај овој приход од дивиденда, можеби за овој ребаланс на Буџет или за Буџетот за 2006 година и делумно за 2007 година ние ќе сметаме на ваков нестандарден приход со кој ќе ги покриваме расходите во Буџетот. Лично сметам дека она што се случуваше на планот на работењето на Македонски телекомуникации остварувањето на профити, има преговори за тоа колку ќе изнесува висината на дивидендата е сосема страно на работењето на оваа Влада.

Ние и претходно сме кажале дека политиката на цени која Владата предводена од СДСМ ја дозволуваше во изминатиот период на Македонски телекомуникации беше завера, заговор на Владата со раководството на Македонски телекомуникации на штета на граѓаните преку цените што се највисоки во Европа да се остваруваат високи профити, нешто што е еден вид на двојно оданочување односно оданочување на граѓаните на Република Македонија.

Почитувани, ние се бориме и тоа ќе го правиме и преку обезбедувањето на субвенција, средства за набавка на мазут, она што е одземено на еден начин од граѓаните на Република Македонија да им го вратиме на друг начин. Тоа треба да им се врати. Граѓаните на Република Македонија се оштетени со високите цени на услугите на Македонски телекомуникации, оштетени се затоа што се дозволуваше или не се допушташе либерализација на пазарот и уште од наредната година ова ќе го смениме.

Наредното прашање кое на кратко би сакал да го образложам е прашањето, повеќе пратеници го поставија, е околу непланираните расходи со кои се соочува Буџетот и одредени буџетски корисници за извршување на судски решенија.

Несакајќи да навлегувам во можноста од некоја анализа да произлезат некои заклучоци зошто токму во текот на оваа година, зошто токму пред изборите се случи наплив на вакви извршни судски решенија со кои беа блокирани сметките на голем број буџетски корисници, во оваа прилика ќе посочам дека е можеби коинциденција и можеби е резултат на нешто за што треба да бидеме задоволни. Во изминатиот период судски решенија не се извршуваа заради дефекти во самиот систем на извршување и добро е сега што работите се одвиваат поефикасно со можност судските извршители тоа да го прават поефикасно. Но, ќе забележам една работа пак како дигресија. Некако извршните судски решенија како да многу брзо се извршуваат на сметка на Буџетот или на сметка на корисниците на Буџетот. Некако, кога треба судските извршители да извршат решение од приватни субјеки, тоа не им оди така лесно, а не дај Боже да треба обратно, побарување кое го има државата од приватен субјект да се реализира, не гледаме таква ефикасност на судските извршители.

Почитувани, сакам да кажам дека во изминатиов период се вршело напад на средствата во Буџетот, државната каса. Ние констатиравме дека институциите задолжени да ги штитат интересите на Република Македонија не си ја вршеле својата работа, го посочивме Јавното правобранителство. Сетете се на скандалите на случаите како оние што треба да го чуваат јавниот интерес, а ние овде сме заинтересирани да ја штитиме од нападите буџетската каса која се напаѓа на секој чекор, го правеле тоа. Владата презеде мерки на вториот ден од нашиот мандат ние алармиравме на оваа појава и презедовме мерки за кои сте известени само да повторам за сите судски решенија и одлуки кои се над милион денари има ревизија. Ревизијата се врши во моментот кога разговараме.

Понатаму во иднина наместо заштитата на државните интереси во судовите да се препушти на анонимни локални правобранители, со сета

чест кон функцијата, задолжени се лица од самите органи кои треба да го бранат државниот интерес да присуствуваат на судските спорови, што не било случај, а исто така понекогаш ќе има потреба најверојатно ангажирање на висококвалификувани мотивирани адвокати и адвокатски канцеларии да застанат во одбрана на државниот интерес. Навистина државниот интерес не е штитен во минатото.

До сега одговоривме на сите обврски кои произлегоа од извршните судски решенија, со тешкотии. Ако се сеќавате, чекавме, затоа што тоа е Законот за извршување на Буџетот, месец дена да се појавиме пред Парламентот со барање за пренамена на средства од еден на друг буџетски корисник да ја одблокираме сметката на Владата која беше блокирана на 18 август о.г.

Имаше прашање кое сметам дека е сосема ирелевантно за какви судски спорови, кога се покренати, дали биле покренати пред или по онаа фамозна дата 15 септември 2002 година. Тоа е сосема ирелевантно затоа што споровите против државата се покренуваат во секој момент и по разни основи. Но, внимавајте, охрабрени, ова сакам да го кажам повеќе за јавноста, а секако преку пратениците и преку домот кој вие го претставувате, охрабрени од таквото немарно однесување на оние кои требале да го штитат државниот интерес, разни лоби групи, индивидуалци, бизниси се осоколиле да покренат такви спорови со такви барања во судовите на Република Македонија што, доколку ја соберете сумата која се побарува и доколку не бидеме внимателни за стандарди во однос на утврдување на нивото на отштета, Република Македонија не може тие отштетни побарувања да ги задоволи ниту со 10 буџети, почитувани. Така стојат работите. Оттука беше притисокот врз институциите, нашето алармирање за разум за стандарди.

Ќе завршам со следното, скоро имавме отштета за неосновано притворање на лице од пред неколку години доделено од Судот во Стразбур. Таа отштета за седум дена притвор изнесуваше 2000 евра. Судот во Стразбур доделува отштета од 2000 евра. Нашите судови понекогаш се склони да додадат по некоја нула на овие износи. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Пауза за ручек од еден час.

(Паузата е дадена во 14,01 часот)

(По паузата седницата продолжи со работа во 15,11 часот).

**Љубиша Георгиевски:** Гимолам пратениците да влезат во салата и да си ги заземат своите места.

Пред да започниме со продолжението, би сакал една информација да дадам, и ги молам сите шефови на пратеничките групи во 17,00 часот да се најдеме на координација во сала Охрид. Има една доста значајна ситуација, па да се договориме.

Продолжуваме со општиот претрес.

За збор се јави господинот Слободан Најдовски. Повелете.

**Слободан Најдовски:** Почитуван господине претседател, почитувани дами и господа пратеници, почитуван господине министре,

Јас навистина сакам да ви се извинам што по втор пат се јавувам за дискусија по оваа точка, но секое излегување и појаснување на министерот за финансии и ние пратениците и јавноста осознава некоја нова идеја на Министерството, дознава некој нов аргумент на Министерството по однос на ребалансот, така што ако би било добро да продолжиме и уште малку да расправаме, можеби на крајот сите затскриени намери Министерството за финансии и Владата ќе ни ги кажат или дел од нив овде.

Сакам да се осврнам на три моменти од дискусијата на господинот министер, која што ја имаше по однос на ребалансот. Иако очекував како негов завршен збор дека ќе одговори на повеќе то прашања, кои што во текот на расправата ги псотавуваа пратениците, пред се, од опозицијата, бидејќи другите не гледам дека многу се заинтересирани за ребалансот на буџетот, сепак министерот со политички тези или да не употребам потежок збор, се обиде да ги изврти и нашите дискусии и нашите прашања да не даде одговор на тие прашања.

Тие три моменти за кои што сакам да прокоментирам се следните.

Прво, околу амандманот кој што е поднесен и кој што ссе однесува за субвенцијата до МЕПСО, иако во дискусијата кажав не е точно детерминиран и МЕПСО не е јавно претпријатие, почитуваниот министер не одговори на основното прашање. Зошто 20.000.000 евра или 1.200.000.000 денари се даваат како субвенција и тие пари му се оставаат на МЕПСО. Ова се пари на граѓаните на Република Македонија. Тезата дека со тоа што ќе му обезбедите енергија, му помагате на граѓанинот на Република Македонија, со ваквиот начин не е точна. Туку, со парите на граѓаните сакате да кажете дека им помагате на граѓаните. Тоа е исто како јас господине министре, да ви ја земам вашата плата кога ќе ја земете сега на 5 или на 6 во месецот и со вашата плата да ви купам нешто и јас да ви речам дека јас ви помагам. Не, тоа се ваши пари. Треба да одговорите на прашањето зошто тие пари МЕПСО не ги враќа. МЕПСО за тоа ќе продаде струја. Граѓаните, потрошувачите, претпријатијата сите таа струја ќе ја платат и тие пари треба да се вратат во Буџетот на Република Македонија и на никое друго место. За услугата која што ќе ја изврши како акционерско друштво таму вие договорете се колку ќе ви наплати.

Втората работа која е во склоп на ова внимание, интересно е пред две недели кога го запревте тендерот за продажба на ТЕЦ Неготино, најавивте дека во рок од 10-тина дена, можеби побрзо ќе распишете нов тендер за продажба на ТЕЦ Неготино и сега ТЕЦ Неготино што е добро ќе заработи од овие пари. Но, се јавува една

сомнителност, дали тоа е поврзано со продажбата на ТЕЦ Неготино, не мора да е така, но морам да ви кажам со тоа како цело време завиено ни објаснувате и така се јавува тој сомнеж. Велите дека Бирото за стокови резерви ќе даде 15.000 тони мазут кое после ќе ги набави на тендер, а другите затоа што сме обврзани од ОКТА со Договорот за продажба на ОКТА , ќе се земат со непосредна спогодба. Па, ако сме обврзани со Договорот, тогаш и за Бирото за стокови резерви согласно тој Договор однесувајте се. Меѓутоа, не е така. Во прашање е нешто друго. Да се направи дил со ОКТА. Ја слушнав најитенресната идеја по однос на овој тендер, дека сето тоа ќе кошта, мазутот, околу 15.000.000 евра и 5.000.000 евра ќе му оставите на МЕПСО да му се најдат за некои други активности. До ден денешен немаше да верувам дека некој може така да се однесува со државните пари. Но, ова, извадете го стенограмот можеби е грешка, можеби е во изјаснувањето нешто неточно, но во стенограмот стои 5.000.000 евра ќе ги оставите затоа што не можат да ги потрошат, велите, согласно динамиката на набавката на мазут и толку пари ќе му оставите на МЕПСО да му се најдат. Тоа е исто како на едно дете од забавиште да му дадете 1.000 евра во џепчето да си купи нешто.

Сето ова по овој тендер, иако сака да се оправда со не работењето на претходното раковоство на ЕЛЕМ, воопшто немам намера да ги бранам, но податоците кажуваат нешто друго, министре . Првите 9 месеци за 7% повеќе од минатата година е произведено електрична енергија, што значи не бил проблемот во електраните на Македонија. РЕК има поголемо производство на електрична енергија, работеле со цел капацитет. Но, тоа да го тргнеме настрана, испитувајте и што знаете тоа правете таму, но не е тоа дека електраните на Македонија се проблемот. Проблемот навистина влегува во една завиена серија, форма и не знам што на крајот ќе испадне.

Следната работа што би ја прокоментирал е околу дивидендата од Телеком. Објаснувајќи го тој начин каде што кажувате дека сеуште ќе има дивиденда, не била позајмица како што пишуваше во весниците, затоа биле виновни медиумите, начин предвреме ќе си го откупеле или како тоа јас не знам, но морам да кажам ова мене ме потсеќа со Телеком и со дивидендата на еден случај од 2001 година.

Пред приватизацијата на македонските телекомуникации на неколку пати е исплаќана аванс на дивиденда. Проверете го тоа во Министерството за финансии и има еден материјал кој што беше доставен до Анкетната комисија за Експорт-импорт банка и во него точно стои дека тогаш од Телеком се исплаќани авансни дивиденди пред усвојувањето на завршната сметка и тие авансни дивиденди преку Бирото за стокови резерви стигнувале до Експорт-импорт банка. Износот е околу 5.000.000 евра и тие останаа заробени во Експорт-импорт банка, под ист или некој сличен начин. Интересно, кругот е пак тука, Телекомм, Министерство за финасии, пак се спомнува Бирото за стокови резерви во овој круг и работата е многу интересна. Ќе ви кажам едно, околу Телеком можеме да ја отвориме расправата и целиот проблем ќе излезе во концесискиот договор и мрежата која што до 2018 година при продажбата на Телеком дадена под концесија во Република Македонија на Македонски телекомуникации. Ќе видиме колку ќе има заинтересирани за фиксен оператор, тоа е друго прашање. Но, кога го спомнавте тоа , сакав да го напоменам.

Сакав да кажам дека двете работи и ОКТА и Телеком многу се интересни и се плашам да не се отвори повторно кругот при нивната продажба што беше воспоставен на истите чинители, на истите луѓе. Само ќе ве потсетам, а вие сигурно сите знаете, македонската јавност исто знае, една од забелешките на Европската комисија после продажбата на ОКТА беше дека му се даде монополска положба, а сега на непосреден начин со непосреден договор ќе се купува мазут и после пак претходната Влада ќе ни биде виновна за кога ќе добиеме мислење од Европската комисија по однос на ова прашање.

Третиот дел кој што би сакал да го прокоментирам, по 10-ти пат зборуваме за судските решенија, јас ве повикав да излезете со имиња, презимиња и тогаш навистина ќе можевме да разговараме. Јас денес ја слушнав, можам да кажам за мене најнеочекуваната ваша изјава. Ќе цитирам: “Ирелевантно е од кого се направени трошоците за кои сега има судско решение”.

Господине министре, за чувар на државната каса тоа треба да биде најважното. Ќе ве потсетам само зошто. Ние минатата година пратениците од претходниот состав кои добро знаат, овде од Буџетот на Република Македонија за 2005 година, 550.000.000. денари и плус уште 700.000.000 денари преку обврзници некаде околу 20.000.000 евра издвоивме за покривање на загубата на Народната банка поврзана со Експорт-импорт банка. За мене тоа не е ирелевантно. Релевантно е и треба да се истера до крај и некој да одговара. За мене е многу релевантно, а не релевантно кој е одговорен и кој стои со име и презиме зад случајот кога настанал за обештетување сега на Макпетрол од пет ипол милиони евра . За мене е многу релевантно зошто Бирото за стокови резерви преку авансна дивиденда од тогашни македонски телекомуникации 5.000.000 евра останале во Експорт-импорт банка. Тоа се податоци кои што се докажани и од кои што нема бегање. Не можеме воопшто несакајќи да го бранам судството, не можеме се според вашата изјава тоа да го префрлиме, мислам сета вина за овие судски решенија да ја префрлиме на судиите, не навлегувајќи во нивната надлежност и во нивната одговорност. Но, одговорен е оној кој што го направил чинот за да дојде до тие судски решенија сега да се реализираат.

Би ве замолил, можеби ви беше несреќна формулација дека е ирелевантно, туку токму е релевантно и излезете со имиња и презимиња како што и ве повикав. Овие три работи кои што ги прокоментирав и за кои сега зборувавте господине министре, уште повеќе ме доведува до впечатокот дека е голема конфузијата при ребалансот, нејаснотии и нема потреба нешто да се крие. Еве, енергетската криза велите дека, да не навлегуваме во причините, е евидентна и дека треба да се помогне. Но, на ваков начин каков што вие го правите, тоа не е. Ви благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам,

Збор има министерот Славески. Повелете.

**Трајко Славески:** Најмалку 10 пати колку што се сеќавам на оваа седница и на седниците на комисиите господинот Најдовски ја обвини Владата за конфузија, а јас да кажам дека не постои никаква конфузија, се е во најдобар ред. Не грижете се господине Нјадовски, потезите што се влечат и предлозите што даваат се многу добро обмислени и најверојатно ние двајца ќе оставиме тоа друг да го процени, да не влегуваме во полемика. Што е она што сега се нуди како помош на Македонскиот енергетски сектор. Постои во практиката еден израз кој што се нарекува капитална инфузија, инекција. Овие средства, затоа што вкупниот електро-енергетски систем во Република Македонија се наоѓа во многу лоша кондиција, неоходни се тој да може да одговори на обврската за редовно снабдување со електрична енергија во текот на зимскиот период во Република Македонија. Некој сакал да ги усреќи граѓаните со нивни пари. Тоа е точно. Јас реков во мојот одговор по повод ова прашање дека ние им ги враќаме парите на граѓаните. Но, ќе додадам враќање на пари што друг им ги зел. Им ги зел преку високите сметки за телекомуникациски услуги и лошото управување во Секторот што довело до загуби.

Ви должам одговор на она што е кај вас конфузија или нејаснотија за остатокот евентуален кога ќе се направи математиката на средства што стојат на располагање. Господине Најдовски кога толку сте активен , би рекол хиперактивен во сите овие дискусии околу ребалансот на Буџетот, очекувам таков да бидете и кога ќе се зборува за Буџетот, што не емногу лошо, најверојатно требаше да знаете како се реализира Буџетот. Овие средства не се даваат ниту на МЕПСО, ниту на ТЕЦ Неготино. Од тие средства од тие позиции ќе се исплаќаат реално направени трошоци односно фактури. Се до оној момент додека нема настаното обврска, тие средства остануваат на сметката на Буџетот на Република Македонија.

**Љубиша Георгиевски** : Благодарам.

Реплика три минути господинот Најдвоски.

**Слободан Најдовски:** Господине министре,

Дали сум јас хиперактивен или не, не сте вие тие што треба да го оценувате тоа. Да ви кажам ќе се борам до крај кога е во прашање трошењето на буџетските пари, а тоа се пари на граѓаните. И, тука тоа право ниту можете, ниту смеете, ниту некогаш ќе успеете да ми го оспорите. Пошто сакате да докажете дека јас не знам како се троши Буџетот, верувајте знам многу повеќе од вас, ако сакате така да дискутираме, па еве ќе ви укажам на нешто. Ако е начинот на доставување на средствата вака, тогаш не е субвенција. Има посебен закон, прочитајте го и видете кој е тој закон за државна помош, тогаш ќе видите е сосема друг начин на регулирање. Сакајќи да навредувате, сакате да ги избегнете тие конфузии, а верувајте времето е голем судија. Ќе дојде време кога ќе се каже како ќе се потрошат овие пари. Немојте да мислите дека ова ќе остане задскриено. Ќе дојде време како што сега сакате да избегнете да кажете за судските решенија оти ќе дојдете до податоци и ќе треба да ги извадите имињата на луѓето со кои заедно седите. Јас ги извадов еднаш тие имиња во јавноста. Затоа, не сакате да ги извадите имињата за судските решенија, господине министре. Затоа што тие луѓе седат со вас. Ви благодарам.

**Љубиша Георгиевски** : Благодарам.

Збор има господинот Никола Поповски.

**Никола Поповски:** Благодарам претседателе,

Имам впечаток дека со секое наредно објаснување од страна на Владата за крупните ставки на ребалансот за кој денес и вчера говориме дека нејаснотиите стануваат уште поголеми. Од елаборациите што ги слушаме и од начинот на конструкцијата на паричните и во овој случај очигледно стоковите текови на мазутот, мислам дека можам да надзирам инструкции кои важеа во 2001 и во 2002 година, на текот на парите помеѓу Буџетот, стоковите резерви, купување на стоки во стоковни резерви, негови позајмици итн, кои беа иманентни на начинот на кој што сегашниот министер за финансии ја водеше работата.

Имам впечаток дека сега тие конструкции го имаат истиот инспиратор, само што сега господинот Трајко Славески ќе биде извршител на таквата погрешна политика.

Прво, сега ни беше јавно соопштено дека за 20.000.000 евра државата ќе изврши набавка на мазут и тоа точно министерот соопшти од каде. Од ОКТА по пат на непосредна спогодба. Ова не се услови за непосредна спогодба, за тоа има закон. Колку што знам согласноста за непосредна спогодба ќе треба да ја издаде министерот за финансии. Убеден сум дека после тоа ќе се отвори простор за работа и на некои други институции во државата. Државните ревизори , Антикорупциската комисија, баш би сакал господинот Маневски да го слушнамшто мисли за ова. Би сакал госпоѓата Слаѓана Тасева како актуелен претседавач во таа Комисија да се изјасни за ова во моментов. Има јавна изјава од министерот за финансии и би бил претпазлив господин министер за финансии да ја дадам таа согласност како министер за финансии за непосредна соработка со 20.000.000 евра.

Дополнително што ме зачуди и што можеби го оправдува господинот Најдовски кога кажува конфузија е што ние имаме субвенција 1.200.000.000 денари, тоа се 20.000.000 евра и сега дополнително ни е соопштено 15.000 тони мазут позајмица од стоковите резерви. Ако добро разбрав 20.000.000 плус 16.000 тони мазут е трансферот кон ТЕЦ Неготино. Зошто ако е само 20.000.000 тони, тогаш нема што во стоковите резерви, туку имаме целосно во Буџетот покритие да го набавиме тоа во мазут, парично покритие. Сега на тоа како да слушнав додавање на 15.000 тони мазут од стоковите резерви. Тоа очигледно го зголемува нивото на трансферот државата кон ТЕЦ Неготино.

Второ, би сакал да прашам, врз основа на кој закон стоковите резерви можат да издадат позајмица. Дали во законот за стокови резерви пишува дека Бирото за стокови резерви со Одлука на Влада дава позајмица. Мислам дека тука повторно ќе има работа за некои институции во државата, за државната ревизија и за другите. Мислам дека многу лесно и затоа на почетокот реков оние конструкции од 2001 и 2002 година на текот на парите помеѓу финансии и буџет, Биро за стокови резерви итн. Овој пат не би бил толку сигурен дека се прави тоа што треба.

Второ беше кажано дека позајмицата ќе се врати по пат на јавен тендер.

Врз основа на што? Стоковите резерви се даваат со непосредна спогодба, а се полнат на јавен тендер. Зошто во едниот случај пазарни цени, зошто во другиот случај договорни цени. За мене, извинете, ама наместо да се дообјасни работата се усложни многу повеќе. Дури сега не знаеме колку мазут ќе се дава на Неготино, 20 милиони или плус овие од стоковите резерви. Не добивме многу одговори кои беа поставени во дебатата. Претставникот на Владата е и владин министер што е парекселанс политичка функција, меѓутоа и министер за финансии, ги одговори политичките делови од прашањата. Не ги слушнавме битните, а беа поставени многу, за нивото на средствата ви-за-ви НАТО, за тоа на пример дали се откажала Владата од купување на амбасадата оваа година во Европската Унија. Имаше илјадници прашања, некако не се одговорија. Во ред, министерот има право и да молчи.

Тоа што го чувме со дивидендата од Телеком. Само да соопштам дека, додека ние дебатираме тука, медиумите веќе пренесоа дека Владата издала, не занам дали Владата, не е битно. Медиумите веќе пренесоа дека ТЕЦ-Неготино се запира повторно на десет дена. Од ова што беше кажано дека 1,3 милијарди киловат часови ќе се обезбедат за зимскиот период, кажано во гига вати, што е сеедно, 1,3 милијарда киловат часови ќе требало да произведи ТЕЦ-Неготино, за да се санира системот. Тоа е точно вредноста на тоа што не успеаваме да го уредиме сега, како Македонија, односно Владата на Република Македонија. Значи, точно нереализираниот увоз кој беше зацртан од над милијарда киловат часови кои не се увезуваат, заради проблемите што и другите држави во регионот имаат недостаток, ја пали ТЕЦ-Неготино, а не ја пали недостатокот на производство во другите наши енергетски објекти. Совршено јасна паралела направи министерот и за мене барем се разјаснија работите. Сега влегуваме во сфера на политика што тука некои пратеници реплицираа од првите редови на ВМРО-ДПМНЕ. Само недостасува увозот. Јас ќе повторам дека решението на увозот, ако регионот на долг или на среден рок останува без електрична енергија, не е со буџетски субвенции за производство на најскапата струја во светот, тоа е во термоелектрана на мазут, заради ценовните односи на нафтата во светот.

Со дивидендата од Телеком беа изнесени повторно многу непрецизности. Прво беше мисинтерпретиран, погрешно импретиран Законот за трговски друштва, дека до мај биле должни друштвата да исплатат дивиденда, што не е точно. До 31 мај се должни по Законот само да одржат годишно собрание, ништо повеќе. Одлуките на Собранието се сосема друга работа. Одлуката на Собранието може да биде дивиденда оваа година нема. Цел износ го инвестираме. Или решаваме да не исплаќаме. Па повелете тие што имаат акции на берзата нека решаваат дали ќе ги продаваат ако нема дивиденда. Мислам господинот министер ги разбира многу подобро од мене тие работи. Не ги зборувам заради него. Меѓутоа, тоа беше погрешно инпретирано и не е така. Треба да се провери во Законот и да се стави точка. Она што го потврди сега господинот минситер, што за мене внесува и законски пробелми е дека сепак, нема да имаме исплатена дивиденда. Значи, денеска има изјава на вице премиерот, надлежен за финансии во весници, ако се тие изјави точни. Тој најавува дека на Владата и претстои борба да не биде исплатен заем на Владата. Инаку, господине министре и вие употребувавте такви поими. Владата не може ниту еден цент, ни денар да се задолжи, без закон во Собранието. Тоа ви е јасно. Според тоа, ве одвраќам од било каква варијанта, Владата сега да преговара со Телеком. За ситуација во која ќе ги добие парите, кои не се исплата за дивиденда, туку накакво авансно плаќање, или заем. Заем само со закон можете да ја задолжите Република Македонија. Авансна исплата подразбира дека можно е некој тие пари да ви ги побара после тоа. Или да ви каже дека овој аванс сега ви го минусираме од нешто друго понатаму. Малку нејасна позиција. Не може Буџетот да добие пари, за кои однапред превзела писмена обврска Владата, соглед дека господинот Ставрески, како надлежен вице премиер тоа го кажува денеска во весник, дека Владата ќе потпишува договор со Телеком, со кој ќе го уреди начинот на исплата. Би било добро заради јавноста, заради кредибилитетот на Владата и на Телеком, кој господинот министер го нарече со погрдни зборови тука, сакајки минатата Влада да ја нагрди, изрече и тешки зборови за

нивниот косопственички партнер Телеком, што јас нема да ги повторам. Меѓутоа, беа тешки зборови. Наводно како се договарало со Владата. Меѓутоа, би било добро сега да не информира Владата каков договор потпишува со Телеком, врз основа на кој сакаа да придобијат 40 милијони евра во Буџетот, а да не се дивиденда. По Законот само дивидендата е приход на Буџетот. Други приходи не признава Буџетот. Со оглед дека сем веќе вос редината на претпоследниот месец на годината, очигледно ќе треба брзи трансакции Владата да прави, со договори, кои не знам колку се согласно со Законот. Затоа, би било добро да ги видиме. Телеком, денеска објави дека за првите 9 месеци има над 120 милиони евра добивка. Владата е 35% сопственик таму. Затоа јас во мојата дискусија прашав јасно, која е намерата на Владата со сопственоста на Телеком во идната година. И ќе го повторам зборот кој еден пратеник тука се обидуваше погрешно да го импретира дека оваа најавена дивиденда за првите 10 месеци, до крајот веројатно ќе стигне со истата динамика 150 милијони профит, ќе се намали за одданочување. Тоа повторно ќе биде морфијум за Буџетот. Со 35% сопственост само вие ќе располата со ситуација повторно да имате некој извор со кој не знаете во која насока ќе се одвива. Можеби ќе решат да инвестираат, или да не делат дивиденда. Затоа е добро Владата да има кристален пристап по тоа прашање. Дали и кога ќе врши целосна продажба, односно доприватизација на средствата во Телеком, зашто вака си играме мачка и глушец со средствата од дивидендата постојано. А оваа година мислам ескалира на најлош начин. 10 ноември немаме ништо, се јавува потпишување на договор за средства кои не знам каков буџетски приход ќе бидат. Затоа за овие рпашања мислам дека требаШе да се даде посоодветен одговор господине претседателе. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Има збор министерот Славески.

**Трајко Славески:** Најверојатно од 120 пратеници, 119 пратеници не знаат дека минситерот Поповски има потпишано во писмото за намери во аранжманот стенбај со ММФ дека ќе ги продаде до крајот на годината сите акции што Република Македонија ги има во Македонски Телекомуникации.

Првиот обид беше направен со една транша од 10% некаде кон крајот на пролета во јуни месец, пуштајки извесен дел на акции на слободниот пазар и таа трансакција беше потполно јасна, за што можеби е потребно да се постават неколку прашања. Јасно беше затоа што не се најде купувач, како што беше замислено дека тоа ќе биде инвеститор од надвор, туку се направи, се извинувам на употребата на англискиот јазик, затоа што нема адекватен превод, што се вика шеал бајбег. Самата компанија ги купи акциите. Значи, Владата продавајки акции, во исто време и си купи акции, затоа што е сопственик.

Имајки тоа во предвид, разговорите со ММФ што ги имавме во септември, одлучивме дека она што претходната Влада го има како стратегија за своето натамошно учество во Телекомуникации, не може да биде стратегија на новата Влада.

Новата Влада има кристално јасна стратегија, која ќе ја изложи во момент за кој што ќе оцени дека е потребно. Познати се и успешни модели за разлика од катастрофалниот модел што беше применет од страна на претходната Влада и министерот Поповски. Во врска со овие шпекулации, што повторно се наметнуваат, само да го прашам министерот Поповски, кој што го предложи Буџетот за 2006 година, пред нешто помалку од една година, од каде тој знаеше дека ќе има дивиденда од Телеком, кога во Буџетот предвидел изнесна сума на име на дивиденда. Зборуваме за различен временски период. Вие сте имале цела година пред себе, ние имаме прилично скратен период, но во Буџетот применуваме средства, кои што планираме дека ќе ги оствариме до крајот на годината. Не само што планираме, туку превземаме мерки и активности, кои се сосема легитимни, сосема легални, за да одговориме на обврските што се создадени од претходната Влада. Чувствувате ли ние освен оваа набавка на репроматеријал за производство на електрична енергија, имаме намера да набавуваме до крајот на годината, освен да плаќаме стари фактури. Не мислам дека има такво нешто.

Сега околу пресметката, во врска со мазутот и слично. Не сакам тука да се заморуваме и пратениците и јавноста, но само да спомнам една работа која беше кристално јасна, со дискусијата на почитуваниот пратеник Поповски станува нејасна.

Бирото за стокови резерви, да го погледнеме Законот, за што ги чува тие стокови резерви, освен за итна интервенција кога е загрозен целокупниот електроенергетски систем во Република Македонија. Затоа што тие резерви треба да бидат на ниво на кое што се. Иако нивото на некои производи во рамките на Бирото за стокови резерви се државна тајна и затоа не треба да зборуваме за највисоките износи. Се користат тие резерви за намена според законот и затоа што цениме дека ќе има доволно простор да се распише тендер по редовна процедура, да се врати тоа што се позајмува. Оттука, во рамките на истите средства, се обезбедени средства да се набават тие 15 илјади тони и да се вратат во Бирото за стокови резерви. Инаку, станува збор за 50 илјади тони плус дваесет и пет. 260 или 250 евра е цената на еден тон мазут, до колку ова го помножите ќе остане онаа сума над 200, која што ја спомнав, повторно на сметка на Буџетот, за да може да се употреби. Можеби воопшто нема да се употреби, во Буџетот ниту кај МЕПСО, ниту кај ТЕЦ-Неготино. Тоа го повторувам. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** За реплика се јави господинот Илија Китановски.

**Илија Китановски:** Благодарам господине претседателе,

Мојата реплика се однесува на два сегмнента. Првиот сегмент е начинот на дискусијата на господинот Поповски во стил на министер за финансии. Мислам дека повеќе не е тој и треба во тој однос да се корегира и дека иако е сега опозиција, од друга страна, сепак треба да знае дека е поранешен министер за финансии и кога го спомнува Бирото за стокови резерви и набавките, треба да знае дека Бирото за стокови резерви на кој што тој, исто така, беше министер дека има огромни малверзации и дека во овој момент се водат кривични пријави на вашиот директор на Бирото за стокови резерви и дека најмалку штонекој може да зборува за тоа сте вие.

Понатаму, неколку пати спомнавте институции дека ако тоа го направите нешто во вид на еден вид закана, ќе имаат работа и другите институции и Државниот завод за ревизија и така натаму. Вака успат, Државниот завод за ревизија во својот ревизорски иавештај за 2004 година за работата на Министерството за финансии, во времето кога вие бевте министер има констатирано ненаменски, незаконски потрошени над 10 милиони евра. Тоа вака само за информација на јавноста да ја потсетиме. Инаку тој извештај беше предмет на разгледување генерално на Собранието во минатиот состав. И уште една забелешка околу тоа дека МЕПСО се привелигира и повторно со новото и старото раководство. Најмалку што старото раководство на МЕПСО можело да направи, за да се избегне, или малку да придонесе во позитивна насока за ваква ситуација е на време да размислува да учествува на пазарот за електрична енергија да се вклучи во тој процес на побарување и за склучување на договори за електрична енергија, или ако ништо друго навреме да знае дека во овој период од годината ќе нема вишок на енергија во околината од каде што ќе може Република Македонија да купи. Ни тоа не го направиле, така што многу малку можат да држат сите други критики како сега новото раководство ќе добие субвенции од Буџетот кои што ќе ги плаќаат граѓаните. Да, меѓутоа сето тоа е по ваша вина господине Поповски, односно по вина на вашите кадри кои што ги водеа овие институции. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** За реплика се јави господинот Илија Димовски.

**Илија Димовски:** Ви благодарам претседателе. Мене навистина се појасно и појасно ми станува зошто СДСМ ги изгуби последните парламентарни избори. Се обидов да дојдам до некои податоци.Би го потсетил поранешниот министер за финансии дека во времето додека тој беше министер за финансии странските инвестиции во Република Македонија беа на рекордно ниско ниво, во споредба со Србија, во споредба со Бугарија, во споредба со Романија. Дури е и смешно да се разговара. Би потсетил дека во периодот кога тој беше министер за финансии стапката на невработеност во Република Македонија се зголеми. Овие податоци се од билтените што редовно ги издава Министерството за финансии.

Би сакал да го потсетам дека со ребалансот на Буџетот треба да се постигнат неколку ефекти. Треба да се порамнат обврските по основ на извршните судски решенија. Треба да се исплатат долгови оставени од претходната Влада. Треба да се регулира проблемот со енергетската криза и дополнително на сето тоа, она што опозицијата овие денови заборава да го каже е зголемување на буџетските издатоци во образованието, во земјоделието, во социјалната заштита, во културата, во потребата за реконструкција и реновирање на затворите во Република Македонија, издатоците кои што Буџетот ги има спрема Фондот за ПИОМ и така натаму.

Јас би потенцирал дека по однос на проблемот во врска со енергетската криза има една фактичка состојба и две прашања кои што следат. Фактичката состојба е дека во Република Македонија ќе има проблеми со снабдување на електрична енергија. Можеме да дискутираме до кога сакаме, каде е настанат проблемот, меѓутоа, факт е дека има проблеми.

Мојот став е дека, а верувам дека тоа е и општо прифатен став на јавноста и на експертите, дека претходното раководство на МЕПСО не навреме си ја извршила обврската да обезбеди доволно електрична енергија, за да може оваа зима Република Македонија да функционира како секоја нормална држава.

Двете следни прашања дали треба да се реши проблемот, односно дали сте за решавање на проблемот и второто прашање како да се реши проблемот.

За разлика од претходната Влада на СДСМ, оваа Влада транспарентно и прецизно преку својот министер за финансии, преку директорите на двете енергетски компании го кажа планот како ќе го реши овој проблем. Тоа е разликата меѓу СДСМ и ВМРО-ДПМНЕ. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Има збор господинот Никола Поповски.

**Никола Поповски:** Благодарам претседателе.

Ако интенцијата на секоја дискусија која разговара за Буџетот, на пример господинот Димовски да зборува за стапката на невработеност, можеме да зборуваме и за тоа. Ако е интенцијата да се зборува за странските дирекни инвестиции, можеме да зборуваме и за тоа. Меѓутоа, зборуваме за Буџетот. Инаку, за странските дирекни инвестиции во 2002 година беа 70 милијони. Во идните години се зголемија за 100%, по 150 милијони годишно. Оваа година ќе завршат некаде на 350-400.

Јас знам дека тие се малку. Тоа го знае и господинот Димовски, очигледно.

Тој веројатно и не знае кој е надлежен министер за странските инвестиции. Ако ја бара вината би било добро да направи една споредба, на пример сегашниот негов премиер со минатиот министер

за финансии, што толку упорно сака да го прозива и ќе открие соодносот 2:1 во корист на министерот за финансии.

Ако сакате да зборувате за невработеноста, јас ги знам на памет податоците.

Во 1998 година вашата Влада дојде со 270 илјади невработени. Си замина со 370 илјади невработени.

На 1 септември кога дојде вашата Влада, невработени беа 320 илјади, 50 илјади помалку.

Сега вака однапред да се дебатира, да се дискутира, не знам која е целта.Ќе видиме. Еве ќе ги видиме прв пат подтоците после три месеци, на крајот од годината, колку се. Ако бидат помалку од 320 илјади, тоа се податоците од Агенцијата за вработување, тогаш јас прв ти честитам. Ако стојат во исто место, ќе имам резерви. Ако се движат нагоре ќе критикувам.

Малку ми е не јасна позицијата и на министерот за финансии кога во секој говор кажува, покриваме стари долгови, а никако да ни каже од каде се парите за покривање на старите долгови. Тоа е совршено јасно. Покривате стари долгови со средства останати од старата власт. И тоа не е нешто кој знае што. Секоја година во втората половина на годината има ребаланс, точно за тоа, помалку или повеќе реалоцирани средства на едно или на друго место, да се испеглаат со новите приходи. Имало кога и приходите биле помали, па ребалансите оделе за една милијарда надолу. Оваа година вие добивте каса во која имавте неколку милијарди повеќе средства и сега одите со ребаланс нагоре. Но, имам впечаток дека сакате да создадете приказна дека вие ги покривате старите долгови, ама некако не можете да лоцирате парите од каде дошле. Тоа е најнормална работа.

Она што е битно е дискусијата за ставките кои сега се алоцираат. Господинот Китановски сега зборуваше, на пример за стоковите резерви, па спомнуваше некои кривични пријави на директорот на Стоковите резерви, претходни. Мислам дека тој подобро од сите нас знае што значи да се поднесе кривична пријава против некој и дали е тоа доказ дека е тој крив. Тоа ќе го реши судот.

Во врска со Стоковите резерви, бидејќи министерот кажа една најаснотија.Стоковите резерви не се користат за ова. Јас за тоа уште во претходната дискусија неколку пати упатував на тоа да се прочита што пишува во Стоковите резерви, прво дали може да се даваат позајмици и за што тие се користат. Стоковите резерви се исклучени за да се користат за економски намени. Таму има некои членови кои зборуваат поинаку. Јас можам сега да ги цитирам, ама немам потреба. Така што, сепак има тука работи кои не се доволно транспарентни и кои не можат до крај да бидат точно објаснето, особено прашањето што господинот Најдовски неколку пати го покренува, дали субвенции во сектор кој има пазарни цени, не е два пати плаќање на истата работа. Меѓутоа, имав впечаток дека секогаш кога ќе покренете едно прашање за темата за која дебатираме, добивате реплики, како на пример Владимир Ѓорчев, сега ќе стане и ќе зборува за ДДВ за земјоделците. Секогаш има реплика на тоа што вие го зборувате за нешто друго. Така можеме да одиме во недоглед, се додека не ги добиеме основните одговори. Меѓутоа, очигледно е дека не ги добиваме основните одговори.

Инаку на господинот Ѓорчев што упорно дофрла од место цело време, да му кажам дека реплики за него немам. Од сега натаму, да му е јасно, нека почне да си зборува и да ми реплицира на секоја моја дискусија, јас на него реплика нема да имам повеќе затоа што мислам дека се безкорисни.

Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Три минути реплика за Владимир Ѓорчев.

**Владимир Ѓорчев:** Благодарам претседателе.

Господине Поповски вас ви реплицираат бројките, а бројките и реалноста во Македонија говорат дека ние имаме неуспешна транзиција, како општество и дека 30% од македонските граѓани, кога вие бевте министер за финансии, беа под прагот на сиромаштијата, праг на сиромаштија кој го наследивте со 25%. Вие бевте министер за финансии, потпишувавте буџет, преземавте мерки, но резултатот, едноставно количникот од сето тоа што го правевте е 30% сиромашни и 37% невработени.

Ја спомнавте невработеноста, невработеноста која во 2002 година, на легендарниот 15 септември, викајќи дека ќе вработите по еден од секое семејство, ја наследивте со 32%, ја оставивте 37%. Владата на ВМРО ДПМНЕ од 1998 до 2002 година таа невработеност ја намали од 35% на 32%.

Според анкетата на работната сила која според Евростарт, според Европска унија е единствен релевантен извор на информации кога се однесува до невработеноста, во време на две војни, косовска и македонска, 1999 и 2001 година. Значи невработеноста тогаш беше намалена од 35% на 32%. Дојде 15 септември, дојде вашата неспособност, дојде вашето продавање на Скопски пазар, на сите Скопски пазари со попуст со 99%, дојдоа вашите приватизации, дојде вашиот менаџмент во ЕСМ, дојдоа сите оние работи кои ги правевте во функција на олигархијата и ние имаме 37% невработеност.

Во време кога Албанија има годишен економски раст од 7 или 8%, во време кога Србија има една милијарда долари странски инвестиции, во време кога Бугарија има 800 милиони долари странски инвестиции, која од 1 јануари ќе ни воведе визи и вие се дрзнувате да зборувате за економијата или за состојбите во македонското општество. Зборувате за инвестиции. Ги нема. Просечно инвестициите од 1998 до 2002 година беа на годишно ниво 150 до 200 милиони евра. Вие ги паднавте некаде на 90 милиони евра, неспоредливо со било која земја во регионот. И

кога зборувате за оваа 2006 година, за какви инвестиции зборувате, за никакви гринфил инвестиции? Такви во вашето време немаше. Единствено го продадовте ЕСМ и гледаме што се случува сега. Значи вашата политика на инвестиции беше само неколку приватизации и толку. Немте гринфил инвестиции, немате отворање на нови работни места. Тоа се вашите буџети, тоа е вашата неспособност, тоа е вашето служење на олигархијата, а не на македонските граѓани.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Три минути реплика за пратеникот Димовски Илија.

**Илија Димовски:** Благодарам претседателе,

Јас би спомнал дека бројките се безкрупулозни. Меѓутоа, реалноста во која живеат граѓаните на Репулбика Македонија е уште безкрупулозна.

После оваа забелешка од страна на поранешниот министер за финансии, апсолутно не можам да сватам за што е одговорен министерот за финансии како функција. Веројатно не е одговорен само да потпишува некоја завршна сметка на Буџетот на Репулбика Македонија. Значи Министерството за финансии со своите постапки ќе влијае, не само на вработените во Министерството за финансии, на некои 50 или 100 луѓе администрација. Влијае на општата економска состојба во државата.

Мерките кои се предлагаат од Министерството за финансии и начинот на кој ќе се спроведуваат најмногу зависат и влијаат на целокупната економска состојба. Да бидам прецизен. Јас искрено не би сакал да кажувам како се пресметувала стапката на невработеност од 1998 до 2002 година и до 2006 година. Тоа е премногу апсолвирана тема и јас би се чувствувал засрамен ако треба да му објаснувам на поранешниот министер за финансии. Јас ќе кажам прецизен податок.

Во 2002 година, податоците ги вадам од билтен кој е испечатен од министерот за финансии Никола Поповски, 31,9% невработеност. Во 2003 година 36,7% невработеност.

Можеме да ги најдеме податоците за странските директни инвестиции, компаративно за сите држави во Југоисточна Европа и тука бројките се безкрупулозни. Значи, кога една Србија во толкава политичка нстабилност оваа година веќе има достигнато огромна бројка која се мери во милијарди, зборувам за периодот до септември месец, ние во минатата година имаме остварено инвестиции од 120 милиони евра. Ако мнистерот за финансии не е одговорен за макроекономските показатели во државата, за постигнување на резултати, јас не знам кој е по одговорен, веројатно единствено премиерот, што можеби и во неговиот случај влијаеше негативно во однос на резултатите кои ги покажамандманот и едниот и другиот. Очигледно е дека немале долго време соработка и очигледно е дека како премиер и како министер за финансии не соработувале, што на крајот на краиштата предизвикало штета кај граѓаните на Репулбика Македонија.

Не би сакал да должам повеќе, мислам дека тоа е апсолвирана тема и на оваа тема најдобар одговор секогаш ќе дадат граѓаните на Репулбика Македонија.

**Љубиша Геогиевски:** Една минута контрареплика за Никола Поповски.

**Никола Поповски:** Нека направи проста математика претходниот дискутант што ја споредуваше Србија со Македонија. Една милијарда во Србија со оглед на тоа што е четири пати поголема држава од Македенија само по број на население, еквивалентно за Македонија е 250 милиони. Македонија оваа година одамна ги помина 250 милиони, уште во првата половина на годината, на страна што Србија според нивото на развиеност на бруто домашниот проивод по глава на жител е многу понапред од Македонија.

Кога веќе ги спомнува тие инвестиции, сите тие инвестиции се приватизациони инвестиции, дали купување на тутунски комбинати, на банки, на стрaнски компании. Нема во Србија и во Бугарија ништо значајно гримфилт инвестиции. Сите се приватизациони приливи од странски држави во приватизациони претпријатија, како и кај нас.

Само, господине димитровски, глупаво е јас да ја бранам државата додека сте вие на власт, а вие да ја напаѓате. Треба да ги гледате податоците такви какви што се. Тие некогаш за Македонија се и подобри отколку што вие мислите. Оставете ја кампањата.Имаме уште четири години. Воопшто не ни е потребно.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Последниот пасус од говорот на почитуваниот Никола Поповски, потполно го прифаќам. Оставете ја кампањата.

За реплика се јавува господинот Ратко Димитровски.

**Ратко Димитровски:** Мислев дека имаме некој почит, некој ред и дека со обраќањето на почитуваниот министер ќе ја завршиме расправата по законот и дека ќе можеме да преминеме на амандманската расправа. Меѓутоа, очигледна е намерата на сегашната позиција да настапува од свој аспект, популистички и постојано повторуваните зборови на министерот да ги изврутува сосема на друга страна, постојано да бара нешто дека министерот кажува други показатели.

Јас овој момент ќе се осврнам на неколку работи кои докажуваат дека настапот на последните дискутанти, посебно на овој последниот е чисто популистички и чисто со намера да се закочи еден процес кој самите го остварија. Да не заборавиме дека тие луѓе кои четири години правеа буџети и кои не доведоа до работ на амбисот, наеднаш, за само 40 дена станаа врвни стручњаци за буџет и почнаа да даваат совети на Владата која само 40-тина дена гледа да ги закрпи дупките кои се отворија. Тие исти луѓе кои не ги плаќаа сметките за струја, за комуналии и други најбанални сметки,

сега приговараат на оваа домаќинска Влада зошто сака да ги подмири овие сметки и прашаат од каде наоѓа пари да ги подмири. Тие не можеа тоа да го направат за четири години и сега наеднаш се јавуваат душегрижници и се грижат како оваа Влада ќе ја плати струјата и некои други елементарни трошоци на било кое семејство, а не на едно семејство кое што е држава. Луѓето кои со својата негрижа доведоа до тоа ние да не се снабдиме со струја и да го доведеме нашето производство на електрична енергија на работ на распадот, сега приговараат на сегашната Влада зошто се грижи да се обезбеди електрична енергија за елементарни потреби за да не се повтори ситуацијата која ја имавме во нашето блиско соседство пред една година, да имаме редукции за елементарно покривање на потребите од електрична енергија.

И на крај, од оваа Влада се бара да одговори, да го даде списокот на оние кои направиле со дупките пресуди, а оваа Влада е првата која ги обелодени и за што министерот стриктно кажа дека ќе преземе мерки против оние кои ги направиле истите. Мислам дека е крајно време да посветиме внимание на тоа што доаѓа, што го најави министерот дека за кратко време ќе имаме буџет за наредната година за кој можеме да ги искажеме сите овие работи. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Една минута контрареплика за Никола Поповски.

**Никола Поповски:** Не за реплика, се јавувам за збор. Ако има други пред мене ќе почекам, а колку што гледам нема.

**Љубиша Георгиевски:** Добро, повелете, но ова ви е трет пат. Затоа. Инаку, имате право.

**Никола Поповски:** Со оглед дека го бранам буџетот на Репулбика Македонија за 2006 година имам право на поголем број јавувања.

**Љубиша Георгиевски:** Во ред е. Не го спорам правото. Се извинувам дека реков реплика.

**Никола Поповски:** Благодарам.

Само сакам да соопштам еден податок за јавноста, со оглед на тоа што некои пратеници што цитираат ревизорски извештаи, ги имаат буџетите пред себе па не успеале да ги видат.

Буџетот на Министерството за финансии, годишен е 7 милиони евра, од кои 90% се плати. Така што треба да бидете магионичар да направите злоупотреби за 10 милиони, кога 7 милиони ви е вкупниот буџет и тоа грото за плати.

Дебатата за електричната енергија во ребалансот е сериозно прашање од следните причини:

Македонија има недостаток на електрична енергија. Владата во ребалансот предлага недостатокот на струја да го реши по пат на буџетска интервенција во системот на ЕЛЕМ, МЕПСО и ЕСМ, на тој начин што ќе достави субвенција од 20 милиони евра и дополнително 15 илјади тони мазут од Стоковите резерви. Јас изразив сомневање прво дека 20 милиони очигледно не се само 20, дека начинот на набавка очигледно е по директно изјаснување со јавна набавка која ќе доведе до извесни проблеми, законски. Меѓутоа, она што е најбито е дека тоа не го решава проблемот. Владата мора да создаде ситуација во која МЕПСО и ЕСМ ќе си ја добиваат струјата на пазарот, со цена која ќе може да издржи увоз и набавка на енергенси.

Јас сега отворено прашувам, зошто ЕСМ не набави мазут и не ја продава струјата како и сите дрги. Ова е компензација на увоз, на крајот на краиштата. Господинот Ратко Димитровски не е во право и господинот Илија Китановски и други. Македонија нема недостаток на струја заради сопственото производство, во овој момент, како и во изминатите две три години. Заради растот ние имаме поголема потрошувачка од 100% користење на нашите капацитети и таа потрошувачка е во милијарди нагоре, од 6 до 9 диференцијација. Ние тоа не можеме никако да го надополниме, освен со увоз. Ако ние не сакаме увоз и даваме буџетски интервенции, тоа е исто како идната година, наместо ТЕЦ Неготино, да го компензирате увозот на МЕПСО со истите пари.

И она што е уште побитно, каков развој предвидува Владата со субвенции во срујата. Колку ќе биде стапката на раст идната година, ако Македонија односно Владата не може да обезбеди доволно струја, без буџетска поткрепа. Овде грст пратеници кажуваат дека минатите четири години биле крајно лоши.

Меѓутоа, податоците се обратни. Имате податоци и во Светска банка и во ММФ и во Европска унија, еве, видете го извештајот најнов на Европската унија, ќе видите. Прв пат во историјата Македонија има стапка на раст од 4% која е стабилна. Дали со ваква политика на Владата ќе се одржи стапката, на пример? Како може да имате вие сега стапка на раст кога немате струја? Владата наместо да оди натаму, почнува да прави чекори назад, и буџетски интервенции и исклучување на големите производители. Ако продолжи со исклучувањата на струјата за да го заштити населението од рестрикции во текот на зимата, јас колку што памтам тоа последен пат било 1982,1983 година кога се палеше и се гасеше ФЕНИ 2,3 пати, тогаш како мисли воопшто Владата да обезбеди економија која ќе може да оди напред. Не само што нема да имаме гринфилд инвестиции, туку нема да имаме ни портфолио инвестиции во Македонија. Кој ќе купи во Македонија објект, кој ќе купи претпријатие за кое однапред знае дека снабдувањето со електрична енергија е проблематизирано. И затоа наместо Владата, повторувам, да влезе во процес на приватизација на енергетскиот сектор кој ќе биде побрз од тој што го прави, да не дава контраверзни и сомнителни изјави госпоѓата министер за економија. Да даде динамика како во идните 10 години Македонија ќе обезбеди 8 до 10, или можеби 11 милијарди киловат часови годишна потрошувачка на електрична енергија. Тоа не го гледаме. Сега ќе го решиме проблемот до Нова Година со буџетска интервенција. Што ќе

направиме во јануари идната година? Пак ли во идниот буџет ќе добиеме буџетски интервенции? Недостатокот на електрична енергија не се решава со буџетски средства како овој пат што се сака да се реши. Тоа може да се решава само со посоодветни мерки. Исто така, сакам да укажам дека ваквиот начин на решавање ќе го доведе во прашање и Буџетот од идните години заради помали приходи кои ќе се наплаќаат од оние компании кои заради недостаток на струја ќе имаат помал обрт. Кај нив ќе падне увозот на репроматеријали заради немање на струја, ќе падне извозот од Република Македонија, ќе падне бројот на невработени како сега во "Југохром", односно во "Силмак" за илјада луѓе, ќе има помалку добивка, ќе има помалку персоналец, помалку здравствено, помалку пензиско осигурување и тоа повторно ќе падне на Буџетот да мора да ги покрива, или во Агенцијата за вработување социјалните издатоци, или ќе треба дополнителниот дефицит во Пензискиот фонд, или дополнителниот дефицит во Здравствениот фонд. И сега кога ние расправаме за такви работи, ние што добиваме од другата страна? Од другата страна добиваме несоодветни одговори, од другата страна добиваме дебати за теми кои не се воопшто предмет на ребалансот на Буџетот.

Господине Ѓорчев, бидете елементарно пристоен и додека некој дискутира не се уфрлувајте постојано. Додека вие не бевте во Парламентот дискусијата течеше добро. Откако вие влеговте само дофрлувате. Толку ли сила ви дале од вашата партија? Господине претседателе, јас ве молам од сега ако господинот Ѓорчев се урфла, јас ќе прекинам се додека не се создадат услови за дебата во ова Собрание. Ова е навистина некултурно однесување.

**Љубиша Георгиевски:** Апелирам на сите малку тишина и да го чуеме пратеникот. Ве молам без дијалози. Ве молам, никој да не говори без да добие збор. Еден од најсериозните деловнички прекршоци е ако говорите без да добиете збор. Затоа ве молам барајте збор, имате право на реплика, на контра реплика, нека се одржи дигнитетот на оваа седница. Никола Поповски бараше збор, доби збор, да го сослушаме. Тоа е едноставно, нема ништо комплицирано.

Повелете господине Поповски.

**Никола Поповски:** Благодарам.

Ако енергетскиот систем колабира со помош од Владата, тоа ќе придонесе за колабирање на вкупниот буџетски систем. И Владата се обидува на погрешен начин да не увери дека тоа треба да го реши со исклучувања на електрична енергија и со интервентно производство кое нема сигурно, апсолутно сигурно да ја подобри ситуацијата со снабдувањето ниту на краток, ниту на среден рок. Значи, од Владата се бара долгорочна мерка во енергетиката. Една долгорочна мерка која беше проектирана за производство на 3 до 4 милијарди киловат часови годишно, значи повеќе отколку што е јазот помеѓу нашето домашно производство и потрошувачката Владата ја укина пред еден месец и навлече еден од странските инвеститори да соопшти дека целосно се повлекува. Со оглед дека повторно се актуелизира прашање на празна каса, јас повторно го актуелизирам прашањето до министерот за финансии. Зошто не ги соопшти оние корисници на Буџетот кои потрошиле повеќе средства отколку што им се алоцирани со Буџетот и на тој начин придонеле да создадат повеќе обврски отколку што Собранието изгласало и да соопшти како што соопшти дека ги покрива со средства кои се дополнително собрани во времето кога рака на срце оваа Влада беше во опозиција. И тоа се отприлика околу 700-тини милиони денари, близу милијарда од трите давачки кои се воведени на тутуните со закон во ова Собрание, отприлика уште толку од добивката и отприлика колку што соопшти околу 150 до 200 милиони од персоналниот данок.

Господинот министер за финансии во своето обраќање се обрати до мене, што е невообичаена практика, меѓутоа која јас ја прифаќам. Колку биле предвидени средствата за "Телеком" во оваа година. Во оваа година беа предвидени 600 милиони заради приватизационата политика на Владата, односно дека Владата ќе ги продаде сите пакети и ќе остави еден пакет од 7 до 10 % за кој ќе решава дополнително и дивидендата за тие е 600-те милиони односно 10 милиони евра. Сегашната Влада очигледно дека ни соопшти дека заради приносите од "Телеком" нема да врши понатамошна приватизација на средствата. Ако не врши понатамошна приватизација, Владата ќе остане во двојното својство, од една страна да сака да го регулира пазарот на фиксната телекомуникација, па и на мобилната и на сите услуги кои се залепени на фиксната телекомуникациска мрежа за доброто на граѓаните. А од друга страна ќе има проблем тоа на крај да го направи, затоа што, еве како што самите кажаа договориле дивиденда со "Телеком". Тоа значи дека идната година "Телеком" повторно ќе преговара со вас за да ги обезбедите своите пари за Буџетот за незнам какви намени, а како противмерка на тоа договарање ќе очекува нешто од Владата. Така што не верувам воопшто дека наводно јасната слика на Владата да ги прекине приватизационите процеси во "Телеком" се за доброто на Република Македонија. А уверен сум дека на крајот повторно кога, тогаш ќе заврши со политика која ќе треба да ги продаде пакетите.

Господинот министер ме праша мене што е крајно невообичаено и многу чудно. Меѓутоа, со оглед дека е така, јас ќе одговорам. Да, Владата реши да ги продаде 47% акции кои ги наследи од "Телеком". Меѓутоа, Владата наследи уште еден договор за продажба од таа Влада пред неа, мислам дека на договорот е потпишан господинот Груевски во својство на тогашен министер за финансии кој така го има запечатено монополот на "Телеком" и неговата позиција на македонскиот пазар што вие и нема да можете поинаку да играте освен како што тоа го потпишал некој пред вас. Имено, во договорот стои дека откако "Дојче

Телеком” и “Матав” со својата групација откупиле 53%, дека на никој повеќе не му е дозволено на примарниот пазар да купи повеќе од 10% од преостанатите 47% акции на државата. Значи, господине министер некој потпишал и тој некој не е безимен, тој е сегашен премиер на Владата. Дека на никој нема да можете да му продадете повеќе од 10% од вашето сопствено 47%. Знаете зошто? Затоа што ако ги продадете 47% на втор сопственик тој веќе е многу блиску до 50% или до 51% и тој ќе има сериозна контрола врз “Телеком”. Ако не му дозволите по пат на потпишан договор како што вие не дозволивте, тогаш ќе морате да ги продавате по 10%, по 10% акциите, затоа што така е со законот и со договорот. Од тие причини Владата мораше да излезе на продажба на пазарот само на 10% со намера во неколку аукции во размак од по еден месец да продава по 10% додека не стигне до 47%. За жал, предвремените избори тој процес го запреа. Јас лично мислам дека тој процес треба да продолжи за Владата да не се потпира на парите од “Телеком”. Сега дознавме дека процесот ќе запре.

Во врска со вредноста. Второ, господинот министер нападна решение во законот кое во цел свет каде што правното лице може да откупи до 10% од вредноста на акциите во своја полза. Тоа е законско решение како и во цел свет и нема да постои англискиот поим, ако е наша измислица. Тоа е англиски поим затоа што е измислен од англосаксонското законодавство. Не можете на берзата каде што се понудија акциите со долна цена направена врз основа на приватен ревизор да ограничите кој ќе ги купи, кој не. Министерството за економија во тоа време ги даде на берза акциите по најниска вредност, секој согласно со законот има право да ги купи и ги купија. И заради тоа што ги купија вие имате сега 50, 60 милиони евра на буџетската сметка како денарски депозит.

Второто и многу побитно во врска со тој договор за кој прашувате. Не само што пишува дека никој не може да купи повеќе од 10%, туку во договорот потпишан од господинот Груевски меѓу другото стои дека тој што ќе купи 10% не смее да биде компанија регистрирана да врши дејност од областа на телекомуникациите, фиксните, или мобилните, било каква мрежа на телекомуникации, интернет услуги и сега не можам да ги набројам сите, затоа што во договорот пола страна од една хартија од формат А4 се наброени кои се не можат да го купат “Телеком”. Тоа значи дека акции во “Телеком” може да купи некој што се бави со хемиска индустрија. Што ќе му се? Акции во “Телеком” може да купи некој од текстилна индустрија, или некој од производство на електрична енергија.

**Љубиша Георгиевски:** Ве молам, држете се на темата.

**Никола Поповски:** Да одговорам на прашањето на министерот. Тоа ми беше малку како дилема. Со оглед дека договорот потпишан од господинот Груевски ги исклучува сите потенцијални купувачи, не остануваат други. И тоа исто така е еден суфистицирано направен договор во корист на штетата на Република Македонија. Токму затоа денес на нашиот телекомуникациски пазар во Акционерското друштво “Телеком” не може да влезе никој, освен тие самите, затоа што цела нивна конкуренција е отфлена со договорот. И затоа е неумесно прашањето зошто се продадени така.

Спомнувањето на договорот со ММФ во дебатата од страна на господинот министер. Прво, претпоставувам дека беше малку малициозно во врска со договорот со ММФ зошто тој не се потпишува од министерот за финансии, туку се потпишува од Република Македонија, во нејзино име тројца го потпишуваат и тоа е познато. Токму заради ваквиот двоен однос на Владата на Република Македонија кон сопственоста во “Телеком” е добро да се продадат акциите и не треба за тоа ММФ да каже. Идејата за ослободување е идеја на Владата на Република Македонија. ММФ ја прифати како добра и ја стави во аранжманот и тоа не е тајна. Ние 10 пати повторивме дека приватизацијата ќе тече во неколку транши од по 10% и дека тоа е согласно со договорот со ММФ. Сегашната позиција сметам дека оди во насока на продолжување на состојбата во која македонскиот регулатор на пазарот на телекомуникациите и Агенцијата и Владата и ова Собрание зависно од надлежностите што ги имаат ќе има и понатаму улога која не би требало да ја има. На грбот на граѓаните да ги брани интересите од 10,20 или 30 милиони дивиденда во Буџетот на Република Македонија.

Господинот министер постави неколку прашања до пратениците. Меѓутоа, не одговори на прашања кои нему му беа поставени, а иманентно е да ги одговори. На пример, во текот на дебатата беше прашано, со оглед на исклучувањето на “Силмак” и со оглед на најавата за исклучување на “Фени” делумно од снабдувањето со електрична енергија. Беше спомната од него “Скопски легури”. Можеме ли ние гласајќи за оваа буџетска ставка во последен момент уфрлена од страна на Владата да дознаеме со тие милијарда и 200 денари од даночните обврзници и со 15-те илјади тони мазут од стоковите резерви исто купени со средства од даночните обврзници, кое ниво на производство и снабдување го гарантира Владата? Дали уфрлањето на ова ќе значи секој кој има потреба од енергија, ќе ја добие, или пак тоа треба да се соопшти, ова уфрлање значи само до нивото кое Владата го проектирала, а дека за некој од капацитетите и понатаму ќе има недостаток. Или да го поставиме попрактично прашањето, дали “Фени” ќе добива струја колку што му е потребна со оглед дека ја плаќа после ваквата буџетска интервенција. Дали ако “Скопски легури” сака да активира дополнително производство ќе има енергија, или со ова не се обезбедува енергија? И сега да одиме и чекор

понатаму. Ако не се обезбедува, тогаш зошто милијарда и 200, зошто не повеќе за да ги задоволи сите потреби. Зошто 15 илјади тони од стоковите резерви кои тврдам дека ненаменски ќе се трошат со тоа, меѓутоа тоа подоцна ќе се отвори. Зошто не 20 илјади тони за да се обезбеди струја и за некој друг. Зошто Владата си дозволува со интервенцијата точно онолку гигавати да внесе на пазарот колку што замислила, а не толку колку што и е потребно на Република Македонија. И кој ќе ја сноси одговорноста, ако после третиот обид за рестартирање на ТЕЦ "Неготино" бидејќи гледаме дека технички нешто таму не може да се рестартира како што треба, повторно ќе има недостаток на снабдувањето и на некои од големите корисници ќе им биде кажано дека за вас струја нема од причини што немаме доволно. Ако веќе влегуваме во вакви буџетски интервенции, ајде да одиме до крај. Уште колку средства можеме од капиталните инвестиции да намалиме за да обезбедиме и за нив. Не верувам дека во Европската унија ќе бидат среќни, ниту пак верувам дека во Република Македонија сме среќни што земја кандидат со одвоени средства за купување на амбасада, со лоцирани средства таму за луѓе кои треба да работат на интеграцијата на Македонија одеднаш ги бришеме средствата и одат за набавка на мазут по непосредна спогодба.

Уште колку такви треба да симнеме од Буџетот за да Владата го гарантира снабдувањето? Зошто овде беше кажано снабдувањето до одредено ниво. Зарем заслужува со амандманот капитални инвестиции од Македонски железници да се симнуваат со цел да се обезбеди струја? Зар не мислите дека правиме две зла? Што користи на некој голем извозник ако му обезбедите струја, а во исто време да нема железница да ја транспортира својата извозна стока?

И, на крајот на краиштата, Владата го подготвувала ребалансот сигурно еден месец, за во последната секунда, со почната дебата во Собрание да ни презентира дополнителен амандман за кој што од петни жили сега се труди да објасни дека е најдобар на светот.

По некоја игра на случајот, по некоја игра на случајот да немаше дебата во Собранието, да прифатевме веднаш се и еден ден порано да се закажеше седницата на Собранието, Буџетот ќе беше сега објавен во Службен весник и немаше да има мазут за непосредна спогодба. Тоа мене ми укажува на ситуација дека, ад хок планирањето за решавање на состојбите зело поголем дел од работата отколку систематското планирање.

Исто така, малку ми е нејасна позоцијата што поголем број на луѓе ја дискутиравме овде, на што исто така не добивме одговор. Беше побарано да се соопшти за кои цели се намалува програмата К-5? Еднаш, со ребалансот и веднаш после тоа со дополнителниот ребаланс, преку амандманов на Владата на Република Македонија. За тоа одговор не добивме.

Меѓутоа, одговор пристигна од место што никој од нас не го очекува. Денеска, министерот за здравство соопштува дека ќе одвоеле 250 милиони за тие намени на Буџетот за 2007 година. Тоа се информации што ние требаше да ги слушнеме од министерот за финансии во дебатата. Меѓутоа, имам впечаток дека информациите, наместо да ги слушнеме од министерот за финансии во дебата, господние претседателе во Собранието на Република Македонија и комисиите, ние ги слушаме на прес-конференции и тоа најчесто од други министри од Владата на Република Македонија.

Сега, јас отворено се прашувам која е обврската на Владата, тоа што господинот министер за финансии ни го соопшти овде или соопштението што го даде министерот за здравство, а се однесува на Програмата К-5. Ние ќе му веруваме на министерот на финансии зошто тој е официјално задолжен и тој ни го предложил Буџетот. Меѓутоа, онаа друга изјава сега ни виси во воздух. Таму се спомнати суми што се три или четири пати поголеми.

Не сакам да го отворам тоа што господинот Димовски мислам дека сега го зборува во една реплика кон мене пред извесно време, дека премиерот и минстерот за финансии во поранешата влада не биле усогласени. Тоа не е тајна. Тоа беше јавна полемика каде што имавме разлики. Меѓутоа, господине Димовски дали вие внимателно ги читате интервјуата на господинот министер за финансии и на господинот министер без портфељ задолжен за економска проблематика и на господинот министер премиер? Сите тие тројца континуирано даваат различни изјави за состојбите што се надлежност на Министерството за финансии.

Едната изјава е соопштена во експозето и Буџетот, а таа гласи дека поставените цели на фискална политика и понатаму остануваат непроменети. Тоа е договорено и со ММФ, од соопштението што го добивме од ММФ и од Мисијата. Господинот премиер дава изјава за 1,5 дефицит, што отстапува од оваа изјава на министерот за финансии. Господинот Зоран Ставрески дава изјава дека, заради намалување на доноците ќе се создаде нов дефицит во Буџетот што треба да се покрие со заштеди, а гсоподинот министер за финансии дава изјава дека заради тоа преговараат за полабава фискална ранпа со ММФ за да може дефицитот да се покрие делумно со поголемо задолжување на државата или популарно кажано дефицит.

Тоа сега никој не го коментира во јавноста. Прво, Владата за сто дена, меѓутоа немојте да мислите дека очите на оние кои внимателно читаат, тоа останува така. Затоа што разликата помеѓу 0,6 и 1,5 еден процентен поен изнесува цели 3 милијарди денари или 50 милиони евра. А, тие изјави фрчат лево-десно во јавноста во континуирани несогласувања. Едниот на интервју

на телевизија, вториот во интервју во “Утрински весник”, третиот на Американско Македонската комора во хотелот Александар Паласт и после повторно од нула, со ММФ добиваме трета изјава, па во Собранието четврта изјава, наводно сите се согласуваат, што не сум сигурен дека се согласуваат.

Токму затоа и по повод енергетиката изјавите не се исти, а финишираат со сосема трета работа овде. Едната изјава е на минстерот задолжен за енергетика, госпоѓата Рафајловска која неколку пати дава различни изјави со ТЕЦ Неготино, после доаѓа изјавата на директорот на МЕПСО, па на дирекоторот на ЕЛЕМ, кои кажуваат дека немаме увоз и за тоа треба да стартираме производство на струја од мазут. За, сега да слушнеме од министерот за финансии дека производството, всушност не било заради недостаток од увоз, туку заради тоа што имало недостаток на сопствено производство. На кого да веруваме од овие три? Меѓутоа, тоа никаде не оди ако продолжиме така да расправаме. Инаку, разлики постојата. Да не ги нагласуваме пратеничките разлики што се полегитимни. Барем ние претставуваме овде гласачи.Но, Владата треба да претставува една политика.

Не го добивме ни одговорот наместо да ни се поставуваат прашања нас на пратениците, не го добивме одговорот во врска со интеграциите кон НАТО. Од Министерството за одбрана се симнуваат 230 милиони денари или 4 милиони евра со вчерашниот амандман и го спушта учеството на трошоците за одбрана под 2,2% бруто домашниот производ за што знаеме дека имаме забелешки од НАТО, дека еден од клучните критериуми, односно дека не можеме ние во НАТО да влеземе со подфинансирана одбрана. За тоа не добивме одговор од министерот за финансии. Господинот министер за одбрана молчи. Меѓутоа тие сметки се испоставуваат после, ќе ги добиете во форма на една единствена реченици: “дека подготовките на Македонија кон НАТО се уште не се во фаза да бидат, како оние на пример во Хрватска, каде што добија директна покана. Па после министерот за одбрана кажува дека важело и за Македонија, меѓутоа американскиот амбасадор во Загреб соопштува директно и Владата тоа не може да го регистрира дека искажаното важело само за Република Хрватска ...

(Дофрлања од место)

**Љубиша Георгиевски:** Тишина, тишина ве молам.

**Никола Поповски:** И наместо таквата изјава на американската администрација да не поттикне за одбраната да одиме побрзо со реформите ние сега правиме чекор назад. И на претходната седница на Собранието интервентно за во Босна направивме уште еден чекор назад, од аспект на буџетската политика. Денеска ги намалуваме средствата за одбрана, во извештаите на НАТО ќе се регистрира дека финансирањето не ни е согласно стандардите, а она што требаше да се додаде во 2007 година дека и воените мисии во странство да ги финансираме од средствата на Буџетот, а не од средтствата на одбрана бидејќи се надворешна политика, министерот за одбрана ни соопшти овде, на мое прашање дека мисиите во странство идната година ќе паднат на товар на Министерството за одбрана. Јас би сакал, исто така, министерот за финансии, како надлежен за финансирањето да соопшти јасно во Собранието дали трошоците се на процентот од 2,3 со овој ребаланс и дали финансирањето на мисиите во странство се обезбедуваат и понатаму од тие 2,3 односно го намалуваат процентот или мисиите во странство ќе имаат посебен собраниски или посебна собраниска или владина реалокација со цел да задоволиме уште еден стандард, особено во услови кога Македонија пројавува желба да учествува, по најавите на министрите, во четири меѓународни мисии. Постојните три, плус тоа што го соопшти господинот министер, евентуално учество во Либан.

Исто така не добив одговор на поставено прашање од пратеник до министер зошто се тврди дека нема средства да се исплатат тутунарите, кога видовме со овој амандман 167 милиони денари се одземаат од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и се реалоцираат за мазут. Тоа, очигледно зборува дека средства можеле и да се најдат. Меѓутоа, немало политичка волја. Особено ме загрижува што Владата размислува во границите дека се што презела претходната Влада треба да се поништи, иако имаше некои потпароли на таа партија кои во времето на одлуката за 30 денари за буџетски субвенции кај тутунарите најавуваа и повеќе, сега се во Парламентот ама тоа го заборавиле.

Зошто 40 милиони капитални расходи се симнати од програмата за финансирање на изградбата ХС “Злетовица” во разделот 14001 Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, во програмата 6 Водостопанство вчера ни е понуден амандман со кој во поттпрограмата 60 и во потпрограмата 6-а ХС “Злетовица” категоријата капитални расходи во ставката на градежни објекти, износот, цитирам “157 милиони се заменува со износот 117 милиони”. Тоа значи дека државата повлекува 40 милиони од изградбата на “Злетовица”, хидросистем од особена важност, мултинаменски и ги пренасочува во набавка на мазут. И, особено од категорија за која што сите знаеме дека Собранието и особено Владата, а не само Собранието би требало да води најмногу сметка да не ги намалува расходите од инвестициите, од развојот, од капиталните средства. А, тоа токму се случува во земјоделието.

За да биде иронијата уште поголема, во наредната потпрограма, во разделот 14001 Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство се намалува уште една програма што не е случајно ставена и тоа е програмата 6-б Регулација на водните текови на реката Вардар.

Собранието на Македонија, со Буџетот одвоила 30 милиони денари за регулација на водните текови на реката Вардар и тоа за градежни објекти за изградба на каналите. Знаеме дека по текот на Вардар од Тетовско натаму, вклучувајќи и Скопје, регион што опфаќа 40% од неселението во Република Македонија заедно со Тетовско, секој поголем водостој на Вардар тој се излева, нема водни регулациони канали во кондиција што треба да ги има и сега одеднаш 30-те милиони предвидени во оваа година за таа намена се заменуваат со износот нула.

Сега отворено прашувам, ако храброста на Владата оди да развојните средтсва во Буџетот ги намалува за десетици милиони, точно во Министерството за земјоделие, тогаш зошто ни тврдеше дека нема субвенции за тутунот до нивото кое тутунарите самите го прифатија од 15 на 30 денари? Меѓутоа, очигледно дека Владата имала други мотиви да не најде средства, меѓутоа кога затребало за нешто друго средствата ги нашла. За тутунарите нема 150-200 милиони, а за нафтата по непосредна спогодба односно мазутот веднаш има, одеднаш милијарда и двеста.

Исто така има амандман со што капиталните дотации до единици на локалната самоуправа се намалуваат за десет милиони денари. Министерот и за тоа не даде соодветен одговор. А, од друга страна имаме јавна изјава дека Министерството за финансии сака да го зголеми оданочувањето во Република Македонија на тој начин што ќе го зголеми оданочувањето, согласно со Законот за оданочување на имотот, односно данокот на имот, што знаеме дека е приход на единиците на локалната самоупарава и од тие приходи да го финансира недостигот на средства во единиците на локалната самоуправа. Иако тоа делува контравезно со најавата да се намалува стапката на данокот на добивка. Просто е несватливо, во исто време на македонските компании да им се најавува намалување на добивката од 15 на 12 и 10 проценти и истовремено да им се најавува оданочување на деловниот простор како имот. Затоа што знеме дека во Македонија дветретини од компаниите или немаат добивка или работат со одредени загуби и врз основа на тоа не исплаќаат добивка. Тие сега ќе бидат оданочени со данокот на имот без разлика на тоа.

Така што не сум сигурен дека мерките за компезација одат во права насока. Меѓутоа, секој има право на избор на таа политика. И, она што е особено битно, што тие средства, се прецизираат, со законот е така дека доколку не се измени за што не би се чудел дека средствата од оданочување од данокот на имот ќе се насочат на финансирање на единиците на локалната самоуправа. Затоа, за мене, прашањето за намалување на средствата од овој Буџет со амандман, во последниот момент, до единиците на локалната самоуправа, останува прилично контравезно.

И конечно, дополнителна забуна внесе фактот што со амандманот се обезбедуваат дури 80 милиони денари од Министерстви за внатрешни работи и тоа од категоријата стоки и услуги 60 и дополнително од договорни услуги уште 20 милиони или вкупно 80 милиони. Комисијата за безбедност и контрола на државнат безбедност на тоа реагираше, а реагираа и одредени пратеници. Одговорот беше само дека се цени дека средствата не се потребни. А, да потенцираме дека исто така се даде изјава дека има неизмирени обврски што го оптоваруваат тој Буџет.

Еве да прочитам: “Во Министерството за внатрешни работи во програмата за безбедност”, тоа е полицијата, “во Потпрограмата 20 - Јавна безбедност, во категоријата стоки и услуги во ставката 421 Комунални услуги, греење, комуникации, транспорт” износ од 500.000.000 се заменува со 540.000.000 и во ставката 425 Договорни услуги е истото, од 70.000.000 на 50.000.000, а 20.000.000 плус 60.000.000 се 80.000.000. Тогаш зошто се тврди дека има неизмирени обврски ако се симнуваат парите сега за набавка на мазут? Неизмирените обврски се точно во таквите делови, комунални услуги, греење, комуникации, транспорт. Во комунални услуги знаеме дека се интегрирани поштенските услуги, телефонските услуги, вода, ѓубретарина и електрична енергија. Се тврди дека се неплатени сметки за електрична енергија, а оддеднаш тука се симнуваат 60.000.000 во еден ресор, со симнување на средствата за електрична енергија. Во тие услови, не можеме до крај да го прифатиме тврдењето дека ребалансот има намена да ги финансира трошоците кои се претходно направени, затоа што со ваквото одземање практично нивото на трошоците наместо да се зголеми директно се намалува.

Сега сакам јавно да прашам: со оглед дека 1.000.000.000 заминува за субвенции за нафта на ТЕЦ “Неготино”, дека и други средства се одвојуваат за субвенции, а се одземаат претежно од капитални инвестиции, вклучувајќи ја и одбраната, можеме ли да добиеме пред овој ребаланс и со овој ребаланс колку е процентот на средства од Буџетот кој се двои за капитални инвестиции и колку тие учествуваат пред овој ребаланс и со овој ребаланс во бруто домашниот производ на Република Македонија. Нам ни беше тврдено дека ќе се зголемат, сега гледаме, напротив, дека одат во дискрециони трошоци. Тоа не укажува дека Владата претежно се ориентирала кон тоа.

Во врска со судските решенија се придружувам на господинот Најдовски кој рече - нема тоа да го повторувам, меѓутоа ќе се придружам - дека малку се чудни критериумите на Владата затоа што од една страна денес како да слушнавме дека Владата не ги прифаќа судските одлуки. Владата е таа која прва не треба да ги коментира судските одлуки, особено на формален официјален начин во Собранието на Република

Македонија. Денес како да почуствувавме дека Владата има отпор кон извршување на судските одлуки од судството во Република Македонија, коментирајќи дека тие судски одлуки не биле добри, дека во нив не се учествувало како што треба, употребен е зборот “ревизија”. Јас не знам што може на извршно судско решение, кој е извршител како орган со јавно овластување, го поднел на Владата на извршување.

И второ, како да системот на извршување кој добро профункционира го доведува под прашање. Со тоа не би се согласил. Повторно инсистирам да се соопшти кои се тие значителни обврски кои се преземени, а за кои во Буџетот немало реалоцирани средства. Повторно беше во одговорот соопштено истото, меѓутоа, она што мислам дека требаше да биде соопштено е да се каже точно во тоа и тоа министерство, во таа и таа ставка биле предвидени 100.000.000 за една работа, а биле превземени обврски за 130.000.000. Тоа согласно Законот е невозможно и јас исто така сакам да слушнам дали има такви примери. Се додека се кажува значителни обврски, па веќе утредента за 1.000.000.000 ги намалувате, очигледно не биле такви обврски, зашто тие ако се обврски мора да се платат. Ниту слушнавме одговор која е политиката на Владата во однос на каматните стапки на пазарот на државни хартии од вредност, државните обврзници и на трезорските записи, кои не се обврзници затоа што се краткорочни.

Министерството за финансии јавно укажа дека каматните стапки почнуваат да се движат нагоре. Министерството за финанси со овој ребаланс ќе уфрли во економијата дополнителни 6 милијарди денари. Добро е да слушнеме кои се прогнозите и во која насока ќе се движат, затоа што таквата ликвидност може да направи ликвидност на каматните стапки, прво на државата. Со оглед дека Република Македонија има и внатрешен и надворешен долг, надворешниот го финансира со каматни стапки кои се на светскиот пазар, меѓутоа, домашниот долг го сервисира со каматни стапки кои важат на домашниот Пазар. Ако ги исфрлиме структурните обврзници, чии каматни стапки со законот се фиксирани на 2% и кои од 2001 година наваму неуморно доспеваат секои шест месеци во текот на периодот, со издавањето на трезорските записи и државните обврзници, тие се трансферираат од структурни обврзници во стандардни трезорски записи или стандардни државни обврзници. Меѓутоа, во тој момент ги менуваат каматните стапки и наместо со 2% продолжуваат да се сервисираат со каматни стапки кои се значително повисоки од 2. Со оглед дека се тие десетгодишни обврзници, Македонија издава пократкорочни 12-месечни односно годишни, 24-месечни односно двегодишни, 36 месеци односно тригодишни, на кои каматните стапки полека но сигурно почнуваат да се движат нагоре и ќе мора од Буџетот или на сметка на Буџетот да издвојуваме се поголем износ на камати за да можеме тоа да го сервисираме. Ако тие каматни стапки ги форсираме сега да одат на државните обврзници нагоре, тогаш тоа може да не чини скапо, затоа што во идните буџети ќе треба да издвојуваме се поголем износ на камати, директно од трошоците на Буџетот што ќе ги намалат другите трошоци. Ако трошоците за плати се прилично ригидна категорија, ако Владата најави денес преку министерот за здравство дополнителни три или четири милиони евра средства за договорот за спроведување на политиката на Рамковниот договор, ако каматите како фиксен трошок и понатаму растат...

**Љубиша Георгиевски:** Сега е 17,00 часот и давам пауза од половина час заради средба со координаторите.

(Пауза)

(По паузата седницата продолжи со работа во 17,37 часот)

**Љубиша Георгиевски:** Ги молам пратениците да влезат во салата и да си ги заземат своите места.

Ве молам звонете сите пратеници да влезат во салата и да бидат на своите места.

Продолжуваме со седницата.

Го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот за изменување и дополнување на Буџетот на Република Македонија за 2006 година.

Владата на Република Македонија поднесе амандмани на Раздел 16001 Програма 2 Потпрограма 20 категорија 42 ставки 421, 423, 424, 425, 426 и категорија 48 ставки 482 и 483; Раздел 16001 Програма 3 Потпрограма 30 категорија 42 ставки 421, 423, 424 и 425; Раздел 16001 Програма 4 Потпрограма 40 категорија 42 ставка 421; Раздел 16001 Програма 5 Потпрограма 50 категорија 46 ставка 464 и на Раздел 16001 Програма 6 Потпрограма 60 категорија 46 ставка 464 и категорија 48 ставка 486.

Раздел 01002 Програма 2 Потпрограма 20 категорија 48 ставка 482; Раздел 02001 Програма 2 Потпрограма 20 категорија 42 ставка 420 и категорија 48 ставка 483; Раздел 02004 Програма 2 Потпрограма 20 категорија 42 ставка 426 Потпрограма 21 категорија 42 ставки 423, 425 и 426; Раздел 02005 Програма 2 Потпрограма 20 категорија 42 ставка 426; Раздел 04001 Програма 1 Потпрограма 10 категорија 42 ставка 426 категорија 46 ставка 464 Програма Д Потпрограма Д4 категорија 42 ставка 425; Програма К, Потпрограма К5 категорија 40 ставки 401 и 402; Раздел 04002 Програма 1 Потпрограма 1А категорија 48 ставка 481; Раздел 04009 Програма 9 Потпрограма 90 категорија 42 ставка 421 и категорија 48 ставка 483; Раздел 05001 Програма 1 Потпрограма 10 категорија 42 ставки 420, 423 и 426, категорија 46 ставка 464 и категорија 48 ставка 483; Програма 2, Потпрограма 20 категорија 42 ставки 420, 423 424, 425, категорија 46 ставка 464 Програма 21 категорија 42 ставка 423; Програма 5 Потпрограма 55 категорија 48 ставка 482; Програма В Потпрограма В2 и категорија 42 ставка 423; Раздел 05003 Програма

2 Потпрограма 20 категорија 42 ставка 421; Раздел 05004 Програма 2 Потпрограма 20 категорија 40 ставки 401 и 402 и категорија 42 ставки 420 и 421; Раздел 06001 Програма 2 Потпрограма 20 категорија 42 ставки 421 и 425; Раздел 07001 Програма 1 Потпрограма 10 категорија 40 ставки 401, 402, 403 и категорија 46 ставка 464; Програма Г Потпрограма ГА, категорија 42 ставка 426, категорија 48 ставка 481; Раздел 08001 Програма 1 Потпрограма 10 категорија 42 ставка 426; Програма 2 Потпрограма 2Б категорија 48 ставка 481; Раздел 09001 Програма 1 Потпрограма 10 категорија 40 ставка 401 и 402 и категорија 46 ставка 483; Програма 2 Потпрограма 24, категорија 40 ставки 401 и 402 и Програма Б Потпрограма БА категорија 48 ставка 488; Раздел 09002 Програма К Потпрограма К4 категорија 47, ставка 471 и Програма 2 Потпрограма 20 категорија 46 ставка 461 и категорија 48 ставка 483; Раздел 09003 Програма 2 Потпрограма 20 категорија 42, ставка 423 и категорија 48 ставка 483; Раздел 09005 Програма 2 Потпрограма 20 категорија 40, ставки 401 и 402 и категорија 48 ставка 483; Раздел 10001 Програма 1 Потпрограма 10 категорија 40, ставка 401 категорија 42 ставки 425 и 426; Програма 2 Потпрограма 20 Категорија 40 ставка 401 и категорија 42 ставки 425 и 426; Програма 4 Потпрограма 43 категорија 40 ставка 401; Програма 5 Потпрограма 5Б категорија 48 ставка 482, Програма 7 Потпрограма 70 категорија 40 ставки 401 и 402, Програма 9 Потпрограма 91 категорија 42 ставка 420 и Програма Д Потпрограма Д5 категорија 40 ставка 401; Раздел 12101 Програма 2 Потпрограма 2А категорија 48 ставка 482, Раздел 13001 Програма 1 Потпрограма 10 категорија 42 ставки 420 и 425, Програма 3 Потпрограма 30 категорија 40 ставки 401 и 402 категорија 48 ставка 482 Потпрограма 3А и категорија 48 ставка 482 и Програма Д Потпрограма ДА категорија 48 ставка 489, Раздел 14001 Програма 2 Потпрограма 20 категорија 48 ставка 485 Програма 3 Потпрограма 30 категорија 46 ставка 464 Програма 4 Потпрограма 40 категорија 46 ставка 464 Програма 5 Потпрограма 51 категорија 46 ставка 464 и Програма 6 Потпрограма 60 категорија 48 ставка 482 Потпрограма 6А категорија 48 ставка 482 Потпрограма 6Д и категорија 48 ставка 481, Раздел 15001 Програма Б Потпрограма Б2 категорија 48 ставка 483, Раздел 15010 Програма 2 Потпрограма 21 категорија 40 ставка 401, Раздел 15020 Програма 3 Потпрограма 32 категорија 42 ставка 423 Програма 4 Потпрограма 41 категорија 42 ставка 425 Потпрограма 46 и категорија 43 ставка 432, Раздел 16001 Програма 4 Потпрограма 40 категорија 42 ставка 425 и Програма S Потпрограма S1 категорија 48 ставка 489, Раздел 16101 Програма 2 Потпрограма 20 категорија 48 ставка 482, Раздел 18010 Програма 3 Потпрограма 30 категорија 46 ставка 464 Програма 5 Потпрограма 50 категорија 40 ставки 401 и 402 и категорија 46 ставка 464 и Програма 9 Потпрограма 90 категорија 46 ставка 464, Раздел 19001 Програма 1 Потпрограма 10 категорија 40 ставка 401 Програма 4 Потпрограма 40 категорија 40 ставка 401 и Програма 1 Потпрограма И0 категорија 42 ставка 420 и категорија 48 ставка 483, Раздел 19101 Програма 1 Потпрограма 10 категорија 48 ставка 483 и Програма 2 Потпрограма 20 категорија 42 ставка 425, Раздел 19201 Програма 2 Потпрограма 20 категорија 42 ставка 426, Раздел 24001 Програма 1 Потпрограма 10 категорија 40 ставки 401 и 402 Програма 2 Потпрограма 20 категорија 40 ставки 401 и 402 и Програма 3 Потпрограма 30 категорија 40 ставки 401 и 402, Раздел 29010 Програма 2 Потпрограма 20 категорија 40 ставки 401, 402 и 403 категорија 42 ставка 423 и категорија 48 ставка 481 и Програма Г Потпрограма Г5 категорија 42 ставка 425 и за заменување на Прегледот на наменски дотации за делегирани надлежности по општини во делот на Владините програми, Владина Програма А. Децентрализација и тие се составен дел на текстот на Предлогот за изменување и дополнување на Буџетот на Република Македонија за 2006 година.

Пратениците Стојан Андов и Ристанка Лалчевска поднесоа амандман на Раздел 13001 Програма 3, потпрограма 35 ставка 488 и на Раздел 09002 Програма Д, потпрограма Д8 ставка 486 и истиот го повлекоа.

Пратениците Стојан Андов и Ристанка Лалчевска поднесоа амандман на Раздел 13001 Програма 3, потпрограма 3Б, ставка 488 и на Раздел 09002 Програма 2, потпрограма 20, ставки 464, 482 и 483 по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Славица Грковска поднесе амандмани на Раздел 16001 Програма 7, потпрограма 71, ставки 420, 421, 423, 424, 425 и 426 и на Раздел 16001 Програма 2 потпрограма 20, ставка 483 и на Раздел 16002 Програма 2, потпрограма 20, ставка 425 и на Раздел 16002 Програма 3, потпрограма 30, ставка 483, по кои Владата не се произнела.

Пратениците Трајко Вељаноски, Владимир Ѓорчев, Виолета Тасева, Илија Димовски, поднесоа амандман на Раздел 02001 Програма 2, потпрограма 20, ставка 411 и на Раздел 19001 Програма 2, потпрограма 20, ставка 401, по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Павле Трајанов поднесе амандман на Раздел 02001 Протрама 2, потпрограма 20, ставка 425 и на Раздел 09004 Програма 2, потпрограма 20, ставка 425, по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Азис Положани поднесе амандман на Раздел 19001 Програма 6, потпрограма 61, ставка 425 и на Раздел 09002 Програма 2, потпрограма 20, ставка 464, по кои Владата не се произнела.

Пратениците Џеват Адеми, Рафис Алити, Ајше Селмани, Теута Арифи и Аднан Јашари поднесоа амандман на Раздел 13001 Програма 3, потпрограма 3Д, ставка 488 и на Раздел 09002 Програма 2, потпрограма 20, ставка 483, по кои Владата не се произнела.

Пратениците Азис Положани, Рафис Алити, Зумрета Јакупи, поднесоа амандмани на Раздел 16001 Програма 4, потпрограма 4Б, ставка 482 и на Раздел 09002 Програма 2, потпрограма 20, ставка 464, Раздел 16001 Програма S, потпрограма S2, ставка 489 и на Раздел 09002 Програма 2, потпрограма 20, ставка 464, Раздел 16002 Програма 3, потпрограма 30, ставка 425 и на Раздел 09002 Програма 2, потпрограма 20, ставка 464, Раздел 19001 Програма 7, потпрограма 71, ставка 425 и на Раздел 09002 Програма 2, потпрограма 20, ставка 464 и на Раздел 19001 Програма 5, потпрограма 58, ставка 425 и на Раздел 09002 Програма 2, потпрограма 20, ставка 464, по кои Владата не се произнела.

Пратениците Агрон Буџаку, Рафис Алити и Џевад Адеми, поднесоа амандман на Раздел 19101 Програма 3, потпрограма 30, ставка 483 и на раздел 09002 Програма 2, потпрограма 20, ставка 464, по кои Владата не се произнела.

Пратениците Влатко Серафимов и Марјанчо Николов, поднесоа амандман на Раздел 09002 Програма Д, потпрограма Д3, ставка 432 и на Раздел 09001 Програма 1, потпрограма 10, ставка 483, по кои Владата не се произнела.

Пратениците Ацо Киров и Цветанка Иванова поднесоа амандмани на Раздел 14001 Програма 3, потпрограма 30, ставка 464 и на Раздел 09002 Програма 2, потпрограма 20, ставка 464 и на Раздел 14001 Програма 3, потпрограма 30, ставка 464 и на Раздел 09002 Програма 2, потпрограма 20, ставка 483, по кои Владата не се произнела.

Пратениците Андреј Жерновски, Ристо Пенов, Роза Топузова-Каревска, Слободан Најдовски и Јован Манасиевски, поднесоа амандмани на Раздел 14001 Програма 3, потпрограма 30, ставка 464 и на Раздел 09002 Програма 2, потпрограма 20, ставка 483 и на Раздел 09002 Програма 2, потпрограма 20, ставка 433 и на Раздел 09002 Програма 2, потпрограма 20, ставки 464 и 483, по кои Владата не се произнела.

Пратениците Цветанка Иванова и Весна Бендевска поднесоа амандман на Раздел 13001 Програма 2, потпрограма 21, ставка 464 и на Раздел 13001 Програма 2, потпрограма 20, ставка 425, по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Кире Гештаковски поднесе амандман на Раздел 14001 Програма 3, потпрограма 30, ставка 464 и на Раздел 09002 Програма 2, потпрограма 30, ставка 483, по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Валентина Божиновска поднесе амандмани на Раздел 14003 Програма 2, потпрограма 20, ставка 426 и на Раздел 09002 Програма 2, потпрограма 20, ставка 464; Раздел 18010 Програма 1, потпрограма 10, ставка 464 и на Раздел 09002 Програма 2, потпрограма 20, ставка 464; Раздел 18010 Програма 3, потпрограма 30, ставка 464 и на Раздел 09002 Програма 2, потпрограма 20, ставка 464 и на Раздел 18010 Програма 5, потпрограма 50, ставка 426 и на Раздел 09002 Програма 2, потпрограма 20, ставка 464, по кои Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на Раздел 02001 Програма 2, потпрограма 20, става 401 и на Раздел 19001 Програма 2, потпрограма 20, ставка 401, поднесен од пратениците Трајко Вељаноски, Владимир Ѓорчев, Виолета Тасева и Илија Димовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**Трајко Славески:** Амандманот се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Владата го прифаќа амандманот и со тоа тој станува дел од предложениот ребаланс.

Отворам претрес по амандманот на Раздел 02001 Програма 2, потпрограма 20, ставка 425 и на Раздел 09004 Програма 2, потпрограма 20, ставка 425, поднесен од пратеникот Павле Трајанов.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**Трајко Славески:** И овој амандман се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Владата го прифаќа амадманот и тој станува составен дел од ребалансот.

Отворам претрес по амандманот на Раздел 09002 Програма Д, потпрограма Д3 ставка 432 и на Раздел 09001 Програма 1, потпрограма 10, ставка 483, поднесен од пратениците Влатко Серафимов и Марјанчо Николов.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**Трајко Славески:** Амандманот не се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Му давам збор на предлагачот Серафимов.

**Влатко Серафимов:** Почитуван претседателе, почитуван господине министер,

Овој амандман е поднесен од моја страна врз основа на следењето и на сознанијата и во вашиот исказ дека имаме суфицит во Буџетот на Република Македонија од некаде цирка 100 милиони евра и сметам дека  во ставката 483, купување на мебел, опрема и возила, може да се издвојат средства од околу 35 милиони денари за загубарите од Општина Кочани. Поточно, се работи за претпријатието АД АТОМ Кочани кое што е вклучено во листата на претпријатија загубари опфатени со фесал 2 аранжманот. Исто така,  тука се вклучени и вработените од фирмите Жито Ориз и Борис Кидрич и се работи за луѓе од околу  800 вработени, поранешни вработени, сега нормално невработени и сметам дека имаше можности и има уште можности овие луѓе да бидат опфатени со овој ребаланс на Буџетот на Република Македонија. Се надевам дека ќе наидам на разбирање и кај пратениците, бидејќи се работи за една структура на луѓе кои што се сега ниту за во пензија, ниту да бидат работно ангажирани. Затоа, сметам дека  овие средства кои што ќе ги издвои, односно ќе се издвојат со

овој ребаланс ќе им бидат добродојдени на луѓето. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Пред тоа ги повикувам сите присутни пратеници во зградата да влезат во салата и да ги заземат своите места.

Ги молам службите нека звонат.

Прво звонете за да видиме колку пратеници има, а знам дека има многу пратеници околу салата.

Молам, службите да достават број за присутните пратеници во салата.

Во салата се присутни само 54 пратници.

Бидејќи има само 54 пратеници, предлагам 15 минути пауза.

**Славица Грковска:** Почитуван претседателе, доколку сакаме да ја почитуваме процедурата, вие ќе се согласите дека Собранието не усвои предлог да се работи после 18,00 часот, а тоа од формална причина требаше да го направиме пред 18,00 часот.

**Љубиша Георгиевски:** Тоа го знам, меѓутоа ние се договоривме и сметав дека координаторите ќе им кажат на своите пратеници. Во секој случај дали вреди да дадеме 15 минути пауза, за да дојдат луѓето.

(15 минути пауза).

(По паузата седницата продолжи со работа во 19,10 часот)

**Љубиша Георгиевски:** Бидејќи за амандманска расправа ни треба кворум од 61 пратеник, ги молам службите уште еднаш да достават точен број на присутни пратеници во салата.

Во салата има 58 пратеника.

Бидејќи немаме доволен број пратеници, овде ќе ја прекинеме седницата .

Во среда во 11,00 часот прво ќе продолжиме со Шестата седница т.е. со гласањето за законот за следење на комуникации кој што како што знаете, треба да биде усвоен со 2/3 мнозинство.

Затоа ги молам сите координатори, барем тие што сметаат дека ќе го поддржат тој закон да обезбедат доволен број пратеници. Понатаму после гласањето продолжуваме со Дванаесеттата седница, односно со оваа седница, точно тука каде што ја прекинавме.

Ви благодарам на соработката.

(Седницата прекина со работа во 19,15 часот)